**Универзитет Св. „Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет - Скопје**

**Последипломски студии по менаџмент на образованието**

# Улогата на менаџментот во спречувањето на девијантните појави на младите на спортските натпревари

**-МАГИСТЕРСКИ ТРУД-**

**Ментор:**

**Проф. д-р Трајан Гоцевски**

**Кандидат:**

**Гоце Кузев**

Скопје 2015 година

## С О Д Р Ж И Н А

**ВОВЕД** ..... **3**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТЕМАТА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД** ..... **6**

**1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ..... **8**

1.1. Воспитание; Образование; Систем на воспитание и образование ..... 8

1.2. Менаџмент; Образовен менаџмент ..... 8

1.3. Спорт; Натпревар; Насилство; Насилство во спортот; Агресија; Спортски хулиганизам ..... 9

**2. СПОРТОТ, ЕФЕКТИТЕ, АГРЕСИЈАТА И НАСИЛСТВОТО ВО СПОРТОТ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ** ..... **13**

2.1. Спортот како општествена појава ..... 13

2.2. Социокултурните ефекти од спортски манифестации ..... 16

2.3. Агресијата и насилство во спортот и на спортските манифестации ..... 20

**3. НОРМАТИВНИ ОСНОВИ** ..... **23**

3.1. Нормативна поставеност на физичкото образование во рамките на законите кои го регулираат образованието ..... 23

3.1.1. Закон за основното образование ..... 23

3.1.2. Закон за средното образование ..... 24

3.2. Нормативна поставеност на физичкото образование во рамките на законите кои го регулираат спортот и насилството во спортот ..... 25

3.2.1. Закон за спортот ..... 25

3.2.2. Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари ..... 28

**4. ПРОБЛЕМ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ ... 32**

4.1. Проблем на истражување ... 32

4.2. Методологија на истражување ... 35

4.2.1. Предмет на истражување ... 35
4.2.2. Цели и задачи на истражувањето ... 36
4.2.3. Хипотези ... 37
4.2.3.1. Главна хипотеза ... 37
4.2.3.2. Посебни хипотези ... 37
4.2.4. Варијабли на истражувањето ... 38
4.2.5. Примерок на истражувањето ... 38
4.2.5.1. Преглед на примерокот на испитаници во спроведеното истражување . 39
4.2.6. Методи, техники и инструменти на истражувањето ... 41
4.2.7. Обработка на податоците ... 42

**5. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И ТЕСТИРАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ ... 44**

5.1 Анализа на добиените резултати и тестирање на Посебните хипотези ... 44

5.1.1. Тестирање на посебната хипотеза 1 ... 44
5.1.2. Анализа и тестирање на помошната хипотеза 2 ... 50
5.1.3. Анализа и тестирање на посебната хипотеза 3 ... 51

5.2. Презентација на резултатите од интервјуто спроведено со лидерите на навивачките групи ... 55

5.3. Тестирање на Главна хипотеза ... 60

**ЗАКЛУЧОЦИ ... 67**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 72**

Нормативни акти ... 73

http://www. адреси: ... 73

**П Р И Л О З И ... 74**

# ВОВЕД

Република Македонија, како и останатите земји во светот, е зафатена со вителот на процесите на глобализација и агресивниот од на технолошката, т.е. информатичката револуција кои го детерминираат секој сегмент од општеството. Ваквата појава особено е изразена во образовната сфера. Со оглед на големото влијание на образованието за развојот на личноста и неговото фундаментално и стратегиско значење за државата, повеќе од неопходно е ова прашање да заземе соодветно место во севкупните настојувања за оптимализирање на општествениот, економскиот и културниот развој во иднина.

Брзиот научно-технолошки развој несомнено наметнува и диктира друг начин на живеење и дејствување. Но, исто така тој ја иницира потребата за менување и на системот на воспитанието и образованието. Досегашните проучувања и согледувања на карактеристиките и квалитетот на постоечкиот воспитно-образовен систем укажуваат на повеќе негови слабости и несоодветности во однос на новонастанатите потреби и услови.

Оваа состојба секако налага реформа на воспитно-образовниот систем која ќе се темели врз најновите педагошко-психолошки, методичко-дидактички и други научни сознанија и која ќе тргнува од демократско-плуралистичките услови на живеење и од определбата за воспитување на една слободна, демократска и хуманистичко-творечка личност.

Поради тоа се поголеми се настојувањата во нашите училишта што повеќе да се хуманизира, поточно да воспостави ефикасна организација на наставата која ќе овозможи подеднакви услови за воспитание и образование на целата млада генерација. Со тоа на секој поединец ќе му овозможи индивидуално да напредува во процесот на воспитанието и образованието и да постигнува онолку колку што може максимално како личност.

Оваа нова ориентација кон индивидуата, секако е наметната, но во исто време и потреба на современото општество. Доколку на сите ученици им се помогне во полна мера да ги искористат своите интелектуални сили, би имале повеќе изгледи, како демократија, да опстанеме во овој период на огромни технолошки и општествени сложености.

Потребата од задоволување на стандардите за компатибилност, современост и ефикасност на образовната практика го актуелизира прашањето за научно осмислен и

глобален приод во таа сфера. Подигањето на квалитетот на работата, особено квалитетот на наставниот процес и вкупната ефективност на воспитно - образовната институција, императивно ги поставува новите насоки во кои треба да се движи креирањето на образовната политика во нашата земја. Поради тоа, сите училишни кадри се наоѓаат во центарот на општествените настојувања за подобрување на квалитетот на образовната работа и подигање на ефикасноста на воспитно - образовната институција.

Притоа барањата кои произлегуваат од местото и улогата на овие кадри на преден план ја истакнуваат нивната квалификуваност, т.е. оспособеност за почитување, познавање и аплицирање на современите сознанија од сферата на воспитно - образовната теорија и практика.

Со оглед на фактот дека формалното сертификатно образование тешко може да ја следи динамиката на новите потреби и промени, како и со оглед на брзото застарување на сознанијата (стекнати за време на формалното школување) очигледна е потребата од нова архитектура на системот за иницијална обука и системот за професионалното усовршување на училишните кадри. Во таа смисла, се очекува квалитетот и успешноста на нивната работа се помалку да претставува еманација на нивната сертификатна квалификација, а се повеќе да биде продукт на нивната вистинска оспособеност, т.е. квалификуваност и подготвеност за перманентна образовна мобилност.

Денешниот брз и современ начин на живот, е силен фактор на влијание врз однесувањето и функционирањето на младата популација при посетата на спортските натпревари и искажувањето на поддршка на посакуваниот тим. Глобализацијата во светот доведе до многу големи промени во општеството, а сето тоа допринесе за појавување на девијантните појави на спортските натпревари, бидејќи се чувствува голема разлика помеѓу навивачите од пред дваесетина години и навивачите денес. Тоа, пред сè, се должи на многу фактори, како што се: брзиот раст и развој на комуникациската и информатичката технологија, променетиот начин на живот кај луѓето, различниот вредносен систем кај луѓето, ниското ниво на родителско воспитување на децата, менаџирањето на образовниот процес во делот на однесувањето на спортските натпревари, меѓуетничките односи и искажувањето на лажен патриотизам преку навивањето, а особено на влијанието кое го има политиката во однос на конфликтните меѓуетнички процеси, како и поделеното образование што долгорочно влијае врз однесувањето на младите. Негативните општествени влијанија и

особено недостатоците во образовниот процес претставуваат основа за асоцијалното и насилно однесувањето на младите и силен фактор на влијание врз конкретното нивно однесување на спортските натпревари.

Денес постојат сè поголем број на институции и организации кои посветуваат сè поголемо влијание за отстранување на девијантните појави на спортските натпревари, и тука мора да истакнеме дека менаџментот на образованието и воспитанието во тој процес може да одигра една од клучните улоги за добивање на фер и коректна публика која навистина ќе се забавува и ќе ги бодри своите спортисти без никакви инциденти. Исто така, со поголемо општествено влијание, може да се избегне нарушувањето на јавниот ред и мир, да се избегнат општествените поделби, да се избегне развивање на некои високо ризични конфликтни процеси кои можат да бидат акцелератори или тригери за случувањата на спортските натпревари.

Актуелните состојби со кои се соочува светот, а од кои не е исклучена ниту Република Македонија (напротив може да се каже дека и таа има попримено бројни негативни појави), се предизвик во ова истражување за да се намали девијантното однесување на спортските натпревари и образовниот менаџмент како една главна алка помеѓу образувањето на младите и државните институции. Образовниот менаџмент е комплексен и широк поим, кој може да одигра главна улога за младиот човек да стане свесен за штетата која ја прави и последиците кој може да ги претрпи од немилите настани.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ТЕМАТА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД

При изборот на темата за магистерски труд, пред се, се имаше предвид дека менаџмент има клучна улога во насока на влијание врз однесувањето на младите на спортските натпревари. Покрај вака претпоставената улога на менаџмент, реалната состојба покажуваше дека се присутни бројни слабости во однесувањето на младите на спортските натпревари и дека е неопходна поширока општествена акција.

Акцентот на магистерскиот труд е ставен на „Улогата на менаџментот во спречувањето на девијантните појави на младите на спортските натпревари". Поточно кажано, непосреден интерес беше проучување на улогата на менаџмент врз специфична и ранлива општествена група, а тоа се младите.

Проблем на истражување во магистерскиот труд претставува загрижувачкото присуство на девијантните појави и насилното однесување на граѓаните во општеството. Мноштвото на конфликти, наместо со разговор, меѓусебно почитување и сл., се решаваат со насилни методи. Ова е особено присутно кај младата популација.

Предмет на истражувањето е влијанието на воспитно образовниот систем или поточно речено на менаџмент на насилното однесување на младите луѓе на спортските натпревари. Логично, заради каузалноста на појавата, неопходно внимание е посветено и на другите фактори кои влијаат на ваквото однесување.

Истражувањето има за цел да се согледа функционирањето на менаџментот во образовниот систем воопшто, а посебно во делот кој се однесува на девијантните појави на спортските натпревари, да се согледа улогата на образовниот систем во тој процес и да се предложат мерки за квантитативно и квалитативно подобрување на овој процес. Ова е многу значајно за создавање на можности за одржлив развој на нашето општество, затоа што успешното функционирање на институциите влијае врз целокупното општествено збиднување, тргнувајќи пред сè од самата индивидуа, преку семејството и пошироко, а согледано низ однесувањето во социолошките релации како и спортските натпревари кои се значаен аспект на секојдневното општествено живеење.

Основната цел на магистерскиот труд е да се поттикне целокупното општество, а особено менаџмент за преземање на конкретни и делотворни активности за унапредување на состојбата во однесувањето на младите на спортските натпревари, а со самото тоа и на намалувањето на девијантното и насилното однесување во општеството.

Во трудот детално е обработено прашањето за тоа како делува менаџмент сега и како може поуспешно да делува во наредниот период, се со цел да се дојде ако не до исчезнување барем до редуцирање на оваа девијантна појава.

# 1. ДЕФИНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ ПОИМИ НА ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 1.1. Воспитание; Образование; Систем на воспитание и образование

**Воспитание** – „Воспитанието се однесува на се што е човечко, свесно, намерно, системски и организирано влијание на планот на формирањето на личноста, на се што организира општеството по однос на воспитаникот, на се што самата личност превзема, личност која се развива и формира во околностите на едно конкретно општество."[1]

**Образование** – „Образованието како втор основен педагошки поим (првиот е воспитанието, додал ГК), се определува како педагошки процес кoје во функција на збогатување на човековите сознанија. Образованието опфаќа усвојување на одреден систем на знаења, формирање на практични умеења и навики, а тоа е претпоставка и темел на развој на интелектуалните сили и способности, обликување на научен поглед на свет, за поврзување на знаењата со практичната, професионалната и било која друга дејност."[2]

**Систем на воспитание и образование** – „претставува една сложена целина или множество, сочинето од многубројни еднородни и разнородни елементи кои прават една структурна и функционална целина, со безброј меѓусебни интеракции, но и со интеракции со своето опкружување."[3]

## 1.2. Менаџмент; Образовен менаџмент

**Менаџмент** – „Менаџментот е универзален процес на ефективно извршување на работата со помош на други лиѓе и ангажирање на ресурсите во остварувањето на однапред дефинирани цели на претпријатието."[4]

**Менаџмент** – „Процес, серија на постапки или насочување на акциите во правец на остварување на дефинираната цел."[5]

**Менаџмент** – „Збир на активности (вклучувајќи го планирањето и донесувањето одлуки, организирањето, водењето и контролата), управување со

[1] Баракоска, А., (2007), *Педагогија,* учебно помагало, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, стр. 128.
[2] Исто, стр. 130.
[3] Гоцевски, Т. (2010), *Образовен менаџмент,* Филозофски факултет, Македонска ризница, Куманово, стр. 53.
[4] Исто стр. 21.
[5] Шуклев, Б.,. „*Менаџмент*", Економски Факултет, второ издание, Скопје, 1998, стр. 1-5

средствата (човечки, финансиски, физички и информатички) со цел да се остварат поставените цели на ефикасен и ефективен начин.“[6]

**Менаџмент** – „Организација и координација на активностите на една организација, во согласност со нејзините политики за постигнување на дефинираните цели.“[7]

**Образовен менаџмент** – „Приспособувањето на пазарните услови на работење кај овие сектори (се мисли и на секторот на образование, додал ГК) неминовно бара остварување и на една од основните цели, а тоа е: *воведување на квалитетен менаџмент,, како услов за успешно остварување на поставените цели кај овие институции.*

Тоа значи, и во областа на воспитанието и образование, треба да се воведе менаџментот, како современ процес кој во себе ги инкорпорира следните активности: планирање, организирање, координирање, мотивирање и контролирање, без кои не може да се замисли современиот воспитно-образовени едукативен систем.“[8]

### 1.3. Спорт; Натпревар; Насилство; Насилство во спортот; Агресија; Спортски хулиганизам

**Спорт** – „Во светските јазици зборот „спорт“ (и слични термини) означуваат претежно игра, забава, разонода, оставање на работата о грижата, добро расположение, дружење со шегата итн.“[9]

**Спорт** – „Според современото сфаќање не е се спорт она што сакаме да работиме во слободното време. За спортската активност примарна улога, макар и во најмала мера, игра телесното движење со сите придружни дејствија: умешност, подвижност, прецизност, рамнотежа, дејствување со сетила и врз сетилата, брзина, издржливост, сила итн. Во тој поглед спортот како појавен облик има извонредно значење за физичката култура.“[10]

---

[6] „*Army, Command, Leadership and management*“, Theory and practice, A. Reference Text U.S. Army War College, 1995, page 1-2

[7] Business Dictionary
Достапно на: http://www.businessdictionary.com/definition/management.html
Превземено на 19.11.2011

[8] Гоцевски, Т. (2010), *Образовен менаџмент,* Филозофски факултет, Македонска ризница, Куманово, стр. 133.

[9] Анастасовски, А., *Теорија и методика на физичкото воспитание и спортот*, Универзитет Св. Кирил и Методиј“, Скопје, стр. 98.

[10] Исто, стр. 98.

**Натпревар** - „Натпреварот во структурата на физичкото воспитание е посебна важна организациона форма на работа. Тоа е часовна форма, бидејќи го карактеризира одредена структуралност.

Секој вид натпревар, посебно во квалитетниот спорт, треба да се опфати и да се прифати во неговите две основни димензии:

⇨ натпреварот претставува јавна манифестација на резултатите од наставно-воспитната работа со учениците и спортистите на планот на здравствениот, образовниот и воспитниот аспект;

⇨ натпреварот, покрај тоа што е манифестација на резултатите од **наставата**, тоа е исто така настава. Секој натпревар треба да се сфати и прифати и како **настава за следниот натпревар кој се очекува.**"[11]

**Насилство** – „Според Камбовски (1997), насилното однесување, односно насилството, претставува посебен облик на криминалитет. Насилството (силеџиството), е дел од класичниот криминалитет како најбогата групација со повеќе видови кривични дела со исти или слични криминалистичко – релевантни обележја. Со оваа инкриминација е во голем дел покриен денес мошне присутниот феномен на силеџиско однесување."[12]

**Насилство** – „Според Галтунг (Galtung), (1974), директно или персонално насилство е она кај кое го препознаваме извршителот. Насилството во кое нема препознатлив извршител, го нарекуваме структурно насилство. Како културно насилство ги нарекуваме оние аспекти од културата кои се искористуваат за оправдување или легитимирање на директното или културното насилство. Не постојат насилни култури, оние кои во сите свои аспекти би содржеле насилство, но постојат култури на насилство (угнетување преку идеологија, религија итн.). Па оттаму, насилството е негативно влијание на основните човекови потреби (или на животот) што може да се избегне и што ја ограничува потенцијалната можност за задоволување на тие потреби. Заканата со насилство е исто така насилство."[13]

[11] Анастасовски, А., *Теорија и методика на физичкото воспитание и спортот*, Универзитет Св. Кирил и Методиј", Скопје, стр. 111.
[12] Цитирано според Атанасовски, И., и Стојановска, Т., (2010), *Насилство, агресија и спорт*, Флексограф, Куманово, стр. 23.
[13] Цитирано според Атанасовски, И., и Стојановска, Т., (2010), *Насилство, агресија и спорт*, Флексограф, Куманово, стр. 24.

**Насилство во спортот** – „Хаклер (Hacker), (1073), за насилството и спортот истакнува дека спортот е секогаш насилство, бидејќи постојат победници и победени. Во време на фетишот, победата на поразот е тешка фрустрација."[14]

**Агресија** – „Супек, (1993), агресивностите, насилставата и насилното однесување ги дефинира како употреба на насилни средства над живи суштества со намера да се постигне некаква цел, при што таквата цел може да биде и подобро прилагодување, па и подобро уредување на општествените односи. Оваа дефиниција има повеќе слабости и затоа не е до крај прифатена, таа донекаде е тафтолошка, зошто агресија се дефинира како со употреба на насилни средства, потоа се однесува на агресивноста која се означува како физичка, а не ја сфаќа психолошката агресија и сл."[15]

**Агресија** – „Може да се констатира дека и покрај големиот број на истражувања засега не постои општоприфатена дефиниција на агресивното и насилничко однесување, пред се затоа што до крај не се навлегувало во етиологијата на овие појави. Сепак, дефиницијата на агресиите би требало да ги содржи следните елементи:

- агресијата, од каков и да е вид, претставува девијантна појава, односно значи пречекорување на одредени општествено прифатени норми на однесување како меѓу одделните поединци, така и меѓу општествените групи;
- агресијата претставува употреба ба физичка или психичка сила, односно е своевиден облик на насилство, односно акт со кој се настојува да му се нанесе болка или повреда или потполна елиминација на друг човек или пак на самиот себеси. Можно е уништувањето да биде насочено и кон одредени материјални добра.[16]

**Спортски хулиганизам** - Спортскиот хулиганизам претставува таква индивидуална и масовна општествено штетна појава која што се состои од деструктивни (главно колективни) насилнички, агресивни и други девијантни појавни

[14] Цитирано според Атанасовски, И., и Стојановска, Т., (2010), *Насилство. агресија и спорт*, Флексограф, Куманово, стр. 24.
[15] Цитирано според Атанасовски, И., и Стојановска, Т., (2010), *Насилство. агресија и спорт*, Флексограф, Куманово, стр. 52.
[16] Атанасовски, И., и Стојановска, Т., (2010), *Насилство. агресија и спорт*, Флексограф, Куманово, стр. 55.

облици на напади против туѓ имот или против личниот интегритет на други лица пред, за време на одвивањето или по завршувањето на спортските натпревари. [17]

[17] Ангелески, М., (1999/2000), *Карактеристики на насилничките и агресивните однесувања на спортски натпревари и правци на општествената реакција*, Годишник на Факултетот за безбедност бр.1, Издавач: Центар за образование на кадри за областа на безбедноста-Скопје, стр. 57.

# 2. СПОРТОТ, ЕФЕКТИТЕ, АГРЕСИЈАТА И НАСИЛСТВОТО ВО СПОРТОТ НА СПОРТСКИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

## 2.1. Спортот како општествена појава

Несомнениот и брз напредок на современите општества, што се должи на научната револуција и на процесот на интеграција и диференцијација во разни области, доведува до квалитативни промени и процеси во економската сфера и пошироко во општествената структура на секое општество. Меѓутоа, општествените процеси неизбежно генерираат и бројни противречности, конфликти, општествено негативни појави и други облици на девијации на поединци и групи. Тие се јавуваат како закономерен продукт на општественото економскиот, политичкиот, културниот и друг развој, а со својот ефект го привлекуваат вниманието на граѓанинот како индивидуа и на општествените механизми како носители на општествената реакција.

Меѓу другите такви општествени феномени и девијации спаѓа и спортскиот хулиганизам како збир од насилнички и агресивни девијантни однесувања на поединци и групи.

Спортот има значајна улога во животот на милиони луѓе низ целиот свет. Илјадници луѓе се активни чинители во спортот и него активно го практицираат многу жени и мажи, како и припадници на различни старосни генерации. Од друга страна, има мнозинство на други луѓе кои се гледачи, љубители, поддржувачи, но и критичари на спортот. Но и оние личности кои не се вклучени или пак спортот не е дел од нивниот начин и филозофија на живеење, оние кои апсолутно се незаинтересирани за спортските збиднувања, на индиректен начин ги чувствуваат влијанијата од спортот, бидејќи спортот е дел од општеството и има влијание на јазикот, свеста и културата во секое општество. Токму во тој контекст, генералниот секретар на Организацијата на обединетите нации ќе рече: „Спортот е универзален јазик, кој може да ги донесе луѓето заедно, без разлика на нивното потекло, религија, верски верувања или економскиот статус."

Научните работници од разни научни области, секој од свој аспект и од свое гледиште ги проучуваат активностите поврзани со спортот, а државите донесуваат закони и резолуции и го програмираат развитокот и напредокот на спорт. Многу писатели и уметници, посебно филмските и телевизиските работници, на спортот му даваат се поголем простор, време и позначајно место.

Социологијата не може да се апстрахира од овие социјални дефиниции при конструирањето на сопствена дефиниција. На крајот, научната дефиниција како што потенцира Дефранс (Defrance, J. 1997) се уште не е јасно поставена во однос на варијантите на спортот во различни земји што е причина за непостоење на универзална меѓународна дефиниција. Тој потенцира дека проблемот на дефинирањето на спортот и на спортистите се јавува кога се подготвува социолошка анкета или кога се врши елиминација на главната популација спортисти во образецот, и тогаш фактички се поставува прашањето како практично да се создаде критериум за тоа што е спортот. Но Дефранс сепак упатува на утврдената дефиниција во општествените науки за спортот, според која спортот се јавува во сите карактеристики на високо специјализирана дејност; како активност кодифицирана до поединости, извежбана и произведена со целосна грижа, програма што ги обзема сите инстанци на животот од различна „кариера", што остава основни траги врз телото и физичкото кај индивидуата и придонесува за создавање на една вистинска спортска култура.

Според современото сфаќање не е спорт сето она што сакаме да го работиме во слободното време. За спортската активност примарна улога, макар и во најмала мера, игра телесното движење со сите придружни дејствија, како што се умешност, подвижност, прецизност, рамнотежа, дејствување со сетила и врз сетила, брзина, издржливост, сила итн. Во тој поглед спортот како појдовен облик има извонредно значење во физичката култура.

Спортот се појавил и произлегол од животот, исто како што е случај и со народните обичаи, игри, песни. Човештвото ги познава ловот, борењето, пливањето, санкањето, скијањето и сл. уште од дамнина. Денес, во современиот свет, се среќаваат голем број спортови во кои активноста се одвива на организиран начин. Спортот некогаш бил подрачје на слободното народно занимање (богатство на народни спортови и игри). Дури во 19-тиот век се појавуваат спортските организации, спортските правила и правилници, се организираат натпревари и се започнува со систематско тренирање.

Спортот се развил во таканаречен натпреварувачки спорт кој почнал да ги прифаќа во спортските клубови само талентираните натпреварувачи. Во се помал број се прифаќале оние на кои им било потребно и корисно здраво физичко дејствување и разонода, а во таа појава ја гледаме и првата слаба страна на спортот. Селекцијата, како закон на натпреварувачкиот спорт, неминовно го скратува кругот на активностите постепено и кај предиспонираните, бидејќи прогресот во спортот понатаму влијае врз

процесите на отуѓување. Меѓутоа, врвниот спорт стеснет на релативно малуброен круг врвни спортисти, со соодветен број спортови односно скали на организирана и планска селекција, општествено е оправдан, но под некои услови. Прв услов е вложувањата во него да не го оштетат остварувањето на задачите насочени кон физичката култура и здравјето на целата нација (деца, младинци; возрасни), низ соодветни организациски облици и мерки. Ако во некоја општествена средина спортската активност се сведе само на подрачјето на натпреварувачки спорт на помал број селекции, спортот се претвара во сопствена спротивност.

***Класификација на спортот*** може да биде во различни подвидови.

Првата поделба е на:

⇨ рекреативен спорт,

⇨ училишен спорт,

⇨ аматерски спорт,

⇨ спорт за инвалиди, и

⇨ професионален спорт.[18]

***Рекретивниот спорт*** го карактеризира редовна програма за вежбање и натпреварување со цел да се зачува здравјето и физичката подготвеност на луѓето воопшто.

***Училишниот спорт,*** тренингот и системот на натпреварување се прилагодени на возраста на спортистите кои се од школската возраст, се со цел на секој да му се овозможи да го покаже својот талент.

***Аматерскиот спорт*** ги третира спортистите поединци за стекнување на општествена афирмација, а воедно им служи и за пополнување на слободното време, или пак за остарување на некоја дополнителна заработувачка и слично.

***Спортот за инвалиди*** ги собира на едно место инвалидите и го организира во натпреварувачки дух со цел за нивна телесна и ментална рехабилитација.

***Професионалниот спорт*** ги опфаќа спортистите, нивните тренери, менаџери и останатите кои се платени активно да се бават со спортот и тој е нивната професија во одреден временски период.

Потоа спортот можеме да се подели на:

⇨ елитен или врвен спорт,

⇨ ненатпреварувачки спорт, и

---

[18] Поделбата е дадена според: Атанасовски, И., и Стојаносвка, Т., (2010), *Насилство. агресија и спорт*, Флексограф, Куманово, стр. 84.

⇨ натпреварувачки спорт.

***Елитниот или врвен спорт,*** треба да им овозможи на најдобрите поединци да постанат врвни спортисти. Врвните спортски успеси не се возможни без масовно бавење со спорт, оти најдобрите поединци се репродуцираат преку таквиот принцип на селекција.

***Ненатпреварувачкиот спорт*** е индивидуален спорт на секој поединец и подразбира универзални вредности бидејќи со него можат да се занимаваат сите луѓе без оглед на нивната припадност на одредена возрасна категорија или општествен слој.

***Натпреварувачки спорт*** за примарна цел ја има победата конкуренцијата, жртвувањето и резултатот.

Исто така, постојат две основни насочености и тоа на подрачјето ***рекреација*** или ***аматерски*** спорт и на ***врвен*** или ***професионален*** спорт.

## 2.2. Социо-културните ефекти од спортски манифестации

Спортските манифестации, се пазарно место каде се продава натпреварот пред масовниот аудиториум, преку спортскиот резултат, а тоа се префрлува во свеста на гледачите, слушателите и читателите. Натпреварувањето претставува основен облик на спортска активност во кој главните актери-спортистите, се обидуваат да ги надиграат своите соиграчи од спротивната екипа, пред се, почитувајќи ги правилата и пропозициите во спортот. За спортистите, натпреварувањето претставува врвно и лично достигнување во однос на противникот, со што се одредуваат сопствените вредности.

Значи, спортски манифестации се социјален однос за меѓусебно спортско усовршување, корист и комуникација на посредни и непосредни актери, преточен во спортски резултат, понуда, побарувачка, бизнис и профит од политички и културни поединци.

Социо-културните ефекти од спортски манифестации се едни од позначајни аспекти во самата организација на манифестациите. Спортски манифестации претставуваат мешање на луѓето со различни верски, културни, полови, политички и други убедувања.

Социо-културните ***ефекти*** на спортски манифестации можат да бидат:

⇨ позитивни, и

⇨ негативни.[19]

***Позитивните ефекти*** првенствено можат да се огледаат во широчината со која манифестациите придонесуваат кон социјалните и културните вредности во развивање на регионот и пошироко. Од социјален ефект пред се кон подобрување на квалитетот на личните односи, што произлегува од широчината на добронамерните настојувања на самата манифестација. Тие имаат свое влијание прека развојот на животната средина, здравствените и хигиенски услови, социјализирање на луѓето и друго, но и како можност за почеток на културен развој, поттикнување на културните активности на регионот и пошироко и развивање на социјалните и културните погледи на луѓето.

За разлика од позитивните ефекти постојат и ***негативните ефекти***. Доколку не се води доволно грижа околу активностите на учесниците да бидат во согласност со законите, прописите, актите и вредностите на домашното население може да дојде до негативни последици на планот на социо-културните ефекти односно можност социјалните противречности да изродат одредени појави на културен елитизам. Преголемото комерцијализирање на големите спортски манифестации може да доведе до уништување на социо-културните вредности и традиции. На самите спортски манифестации има и негативни ефекти кои произлегуваат од самата манифестација, како одредена судиска одлука, разни етнички испади, националистички пароли, нетолерантност, исфиркување на национални химни, лични навреди, дури и губење на човечки животи и сл.

Кога се во прашање негативните ефекти треба да се нагласи дека нивни носители се т.н. хулигани и хулигански групи, а активноста што тие ја продуцираат се нарекува хулиганство.

Спортскиот хулиганизам претставува таква индивидуална и масовна општествено штетна појава која што се состои од деструктивни (главно колективни) насилнички, агресивни и други девијантни појавни облици на напади против туѓ имот или против личниот интегритет на други лица пред, за време на одвивањето или по завршувањето на спортските натпревари.[20]

---

[19] Ефектите се дадена според: Атанасовски, И., и Стојановска, Т., (2010), *Насилство, агресија и спорт*, Флексограф, Куманово, стр. 111.

[20] Ангелески, М., (1999/2000), *Карактеристики на насилничките и агресивните однесувања на спортски натпревари и правци на општествената реакција*, Годишник на Факултетот за безбедност бр.1, Издавач: Центар за образование на кадри за областа на безбедноста - Скопје, стр. 57.

Ова значи дека во оваа негативна појава ги вклучуваме сите казниви или неказниви човекови поведенија што се во спротивност со општествените стандарди и норми на однесување и како такви се издигаат на ниво на богата феноменологија.

Со оглед дека стотирели на спортскиот хулиганизам, главно се малолетници и помали полнолетници, неговото криминолошко проучување е најблиску до криминологијата на малолетничката деликвенција. Посматрано од криминалистички аспект, пак оваа проблематика не се исцрпува само во градењето и функционирањето на најоптималната тактика за постапување на полицијата во случаите ког се работи за спречување и контролирање на спортскиот хулиганизам, туку тоа има поширока криминалистичка и општествена димензија .Тоа значи дека треба да се претставува интерес не само на државните органи, туку и на други општествени субјекти заради успешно спротивставување на оваа за нас релативно нова појава (во Македонија во поекстремни форми егзистира последниве години).[21]

Современиот фудбалски и друг спортски хулиганизам е карактеристичен за урбаната средина. Се врши на следниве локации: на места каде што се собираат хулиганите пред да тргнат на стадион; на патот до стадионот игралиштето; на трибината пред да започне, за време на играњето и непосредно по натпреварот; како и на патот на заминувањето од стадионот до дома. Тоа значи дека како критични места се јавуваат отворени локации (паркови, плоштади, улици) и полуотворен простор (стадион).

Според општествената опасност, начинот на извршувањето и другите белези, хулиганските однесувања на спортските приредби содржат елементи (често и заеднички) на кривичните дела, прекршоци и асоцијативни поведенија. Нив ги групираме во три групи: 1) напади против телесниот и личниот интегритет; 2) вандалски напади; и 3) неказниви штетни поведенија.[22]

Хулиганството во Република Македонија е директно поврзано со појавување на организирани навивачки групи. Навивањето во Република Македонија е една од помасовните суб-култури односно помасовните движења. Навивањето секаде во светот се манифестира преку бодрење на спортски клубови, музичари, политичари итн.

Зачетоците на навивањето во Република Македонија се појавуваат за време на втората светска војна. Како прв позначаен натпревар на кој еруптирало македонското

[21] Ангелески, М., (1999/2000), *Карактеристики на насилничките и агресивните однесувања на спортски натпревари и правци на општествената реакција*, Годишник на Факултетот за безбедност бр.1, Издавач: Центар за образование на кадри за областа на безбедноста - Скопје стр. 58.
[22] Исто, стр. 59.

навивање, а воедно и Македонскиот патриотизам и стремеж за слобода од бугарскиот окупатор бил одигран во 1942/43 година помеѓу екипите на ФК Македонија од Скопје (бодрена од посетителите - сите Македонци) и ФК Левски од Софија (бодрени од Бугарската окупаторска жандармерија). Како натпревар од висок ризик Бугарскиот окупатор на самите аут-линии имал поставено и тешки митралези доколку македонската публика се обидела да прави нереди. Натпреварот завршил со победа на ФК Македонија со 2:0, а Бугарите биле многу бесни при што почнале да апсат неколку гледачи, а младите навивачки групи започнале и краткотрајни борби со бугарските окупаторски полицајци.

Подоцна навивањето зема помасовна форма по Втората светска војна кога нашиот најпознат, најтрофеен клуб ФК Вардар бил единствен претставник на Македонија во сојузната Југословенска лига. Спортот како најважна споредна работа во светот има свое место, улога и значење и во Република Македонија, привлекувајќи го вниманието на бројни гледачи и жестоки навивачи. Од крајот на осумдесеттите години, кај нас почнуваат да се појавуваат првите навивачки групи, кои по примерот на странските (пред се англиските и хрватските) навивачки групи манифестираат однесување кое ја окупира целокупната јавност, а не само спортската. Општественото значење на македонската навивачка субкултура е несомнено и произлегува од нејзината мобилизаторска моќ на големиот дел од младите за време на одржување на спортски манифестации. Тоа доаѓа посебно до израз во случаите на манифестирање навивачко насилство, кое доведува до трансформирање на спортски арени во „живи вулкани". Значајно е и обележјето според кое нашите навивачи често добиваат епитет на политички ентитет чии пораки предизвикуваат различни реакции во јавноста.

Младите, кои во најголем дел припаѓаат на овој посебен вид субкултура, имаат потреба од општествена еманципација и потврдување на својот идентитет во очите на пошироката јавност. Така со развојот на нашето општество на основа на хулиганската субкултура се развива групен идентитет кој по сите обележја е својствен за младите од машкиот пол кои како да ја остваруваат својата генерациска мисија. Од тој период па наваму датираат повеќе навивачки групи на кои хулиганството им е повеќе или помалку застапено. Најпрвин, тие се фудбалски навивачки групи, но подоцна со развојот и омасовувањето и на другите спортови (ракомет, кошарка и др.), навивачките групи, условно речено ја следат т.н. фамилијарност и тоа како според членството така и според имињата на навивачките групи. Заради конзистентност, тука наведуваме имиња на некои од нив: „Комити", „Лозари", „Мајмуни", „Чкембари", „Војводи",

„Шверцери", „Кумани", „Балисти", „Фаланга" и др. Токму дел од членовите на некои од овие навивачки групи, но и на други, се земени како примерок за емпириското истражување во рамките на овој труд.

### 2.3. Агресијата и насилство во спортот и на спортските манифестации

Доколку учењето за агресијата и насилството сакаме да ги објасниме со една единствена историја, тоа е невозможно, бидејќи постојат многу прашања за објаснување на овие феномени кои живеат и се изразуваат преку спортот. Поимот агресија е многу распространет и поради тоа бара јасна не само негова определба, туку и на контекстот во кој се употребува. Потребно е да се прави разлика помеѓу поимот агресија, кој се употребува во рамките на биолошките, психолошките и медицинските науки, каде што неговото значење се сведува на способност на организмот да прави реакција поради сопствена заштита, и неговата употреба во останатите општествени науки, од друга страна.

Агресијата се чувствува во контекстот на нападот и одговор на тој напад кој доаѓа од надворешна средина. Името агресија доаѓа од латинскиот збор „*aggredi*" што претставува напаѓање и начин на индивидуално и колективно однесување, дејствување кое е насочено кон нанесување физичка и психичка повреда, настојување да се уништи друга индивидуа или одредена група. Агресијата најчесто произведува негативна асоцијација, а во најизворна форма агресијата се смета за физички напад, или движење напред кон целта без поголемо размислување, сомнеж или страв На ниво на општествениот живот агресијата се користи во значењето на индивидуалните и масовните конфликти, социјалното насилство, борбата, престапништвото и разурнувачките акции на човекот спрема средината која што го опкружува и во која живее. Од друга страна, агресијата се поврзува со комуникација, натпреварување и индивидуализам. Застапниците на биогенетските концепции ги користат метафорите каде што агресивноста асоцира на насилство, егоизам, силни и разузнавачки акции, при што најчесто не се објаснува конкретната природа и причините кои што ги произведуваат тие агресивни однесувања. Ваквата употреба на поимот агресивност понекогаш доведува до, сведување на социјалните појави на ниво на биологија или психологија. Се заборава дека агресивноста е појава која е резултат на социо-културните, а не само на биолошките фактори. Таа се појавува како резултат на меѓусебното спротивставување на човековите егзистенцијални потреби во условите на

средината која го опкружува човекот: чувство на незадоволство, беспомошност и изолација.

Објаснувањето на човековата агресивност има повеќе гледишта за изворот на оваа појава. Првото гледиште за изворот на оваа појава се објаснува со надворешните фактори, а втората е дека тоа е плод на нагонските диспозиции кои се сместени во битието на човекот. Но секое објаснување на агресијата мора да го земе во обѕир социјалниот контекст, бидејќи човекот секогаш се судрува со препреките од материјална и социјална природа, со што се разнишува социјалната интеракција, која може да биде основен извор на агресивното однесување. Егзистенцијалните недоразбирања, разнебитувањето на системот на вредностите, како и егзистенцијалната загрозеност доведуваат до агресија и насилство. Човекот секогаш е насочен кон некоја цел, а кога му се оневозможува да дојде до таа цел, тој станува напнат, вознемирен, незадоволен и тие внатрешни чувства на напнатост и непријатност, иако предизвикани од внатрешните фактори, се манифестираат во одредена агресивна активност, во настојување да се разбие, повреди и понижи надворешната препрека - физичка или општествена. Агресијата не е само работа на надворешни препреки и фрустракциски ситуации. Сите агресивни однесувања кои имаат свои причини само во спротивставеноста на надворешните фактори, главно, се од техничка природа, работа на успешно совладување на надворешните препреки. Меѓутоа, таквите технички или утилитарно предизвикани агресии лесно може да се отстранат со подобра лагодност на човекот на неговата средина. Доколку лагодноста е поголема, дотолку агресивните реакции се послаби и имаат тенденција да се губат.

Но, спортот и спортските манифестации со своите правила треба да градат културно однесување кое ќе ги намалува сите овие видови агресија. Спортските натпревари, како форма на интеракција, кога поединецот или групата сакаат да постигнат една иста цел, се смета дека можат да послужат како места за празнење, со тоа и намалување на агресивноста. Токму така и социолошки спортот се набљудува првенствено како дел од масовната култура, како појава која придонесува да се намалуваат психичките напнатости на современиот човек кој живее во едно динамично, механизирано и урбанизирано општество. Меѓутоа, се покажува дека денеска спортот не ја игра својата улога како средство за сублимација, канализирање на натрупаната агресивност, туку напротив, во најново време станува поле каде што агресиите и насилствата особено се манифестни. Таквата состојба донекаде може да се објасни како последица на натпреварувачкиот карактер на спортските настани, но

повеќе веројатно е како последица на сеопштата комерцијализација, во која најпожелни цели се парите и славата. Токму заради последново, се чини, е зголемено агресивното однесување на учесниците во спортскиот натпревар. За нив можноста да се реализира сопствената цел може да значи големи материјални загуби, промена на општествената положба и општествениот статус, како и општествениот углед. Со тоа се објаснува фактот зошто во одредени моменти доаѓа до слабеење на инхибиторниот механизам што го наметнала културата за во меѓусебното однесување бидат цивилизирани. За публиката секогаш спортските натпревари дејствувале катарзично, се празнеле наталожените и потиснатите агресии, а тоа најчесто се правело преку вербална агресија. Навивајќи за својот клуб или поединец, најчесто кога тој не ја постигнува саканата цел, се пристапува кон вербална агресија кон оние кои ја осуетувале намерата во тоа, било да се тоа судиите, било играчите од ривалската екипа, било нивната публика. Во оваа насока можат да се објаснат и посебните форми на насилството и агресијата што се интензивирани во последно време кога не може, речиси, ниедна спортска недела да измине без физички напад врз судиите, гостинските играчи, гостинската публика и вандалистичкото однесување кон превозните средства со кои допатувале ривалите. Во игра стапуваат и некои други фактори и ривалства помеѓу одредени градови, држави и нации. Неможноста на спортски начин да се докажат, одредени групи, кои прераснуваат во толпи, избираат други, агресивни, средства, што претставува одредена компензација, а дополнителната енергија им дава одредени стимулативни средства, средства кои привидно и во тој момент дејствуваат.[23]

[23] Презентирано според: Атанасовски, И., и Стојаносвка, Т., (2010), *Насилство, агресија и спорт*, Флексограф, Куманово, стр. 74-75 и 78-79.

# 3. НОРМАТИВНИ ОСНОВИ

Кога се во прашање нормативните основи, најпрвин треба да се истакне дека нормативната уреденост на секоја општествена област е од исклучително значење за остварување на истата таа област. Оттука, уреденоста на образованието воопшто, а во тие рамки и уреденоста на областа спорт посебно, има исклучително значење за нивното остварувањето.

Од напред наведеното, само по себе се наметнува дека нормативната поставеност треба да се анализира преку два сегмента:

***Првиот,*** нормативната поставеност на физичкото образование во рамките на законите кои го регулираат образованието и

***Вториот,*** нормативната поставеност на физичкото образование во рамките на законите кои го регулираат спортот.

## 3.1. Нормативна поставеност на физичкото образование во рамките на законите кои го регулираат образованието

### *3.1.1. Закон за основното образование*[24]

Законот за основното образование е закон со кој се уредуваат вкупните односи во рамките на основното образование во Република Македонија. Од извршената анализа на овој Закон и на сите негови измени и дополнувања, произлезе дека поимот спорт како категорија воопшто не е содржан во Законот. Единствено што може да се изведе како индиректна констатација за спортот во основното образование е општата одредба дека целите и задачите кои се остваруваат преку основното образование се утврдени во наставните планови и програми. Оттука, природно е да се очекува дека елементи за допирање на спортот како дејност можат да се најдат во посебниот предмет што со изучува во основното образование именувам како Физичко и здравствено образование. Преку анализа на наставната програма за овој предмет може да се констатира дека спортот како поимна категорија е застапен во рамките на проектирањето и остварувањето на целите и задачите кои треба да се остварат со изучувањето на овој предмет, а тие се:

[24] Закон за основно образование (Сл. весник на РМ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010, 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012 и 24/2013).

⇨ Да соработува и учествува во тимска активност, да поседува фер – плеј способности и однесувања на натпреварите,

⇨ Да се ослободува од стрес состојби и психичка и физичка напнатост во колективни игри и натпревари.[25]

### *3.1.2. Закон за средното образование*[26]

Законот за средното образование е закон со кој се уредуваат вкупните односи во рамките на средното образование во Република Македонија. Од извршената анализа на овој Закон и на сите негови измени и дополнувања, произлезе дека поимот спорт како категорија воопшто не е содржан во Законот. Единствено што може да се изведе како индиректна констатација за спортот во средното образование е општата одредба дека целите и задачите кои се остваруваат преку средното образование се утврдени во наставните планови и програми. Оттука, природно е да се очекува дека елементи за допирање на спортот како дејност можат да се најдат во посебниот предмет што со изучува во основното образование именувам како Спорт и спортски активности. Преку анализа на наставната програма за овој предмет може да се констатира дека спортот како поимна категорија е застапен во рамките на проектирањето и остварувањето на целите кои треба да се остварат со изучувањето на овој предмет. Поставени се повеќе цели, а како позначајни за овој контекст ги наведуваме:

⇨ да ги осознае вредностите на спортот и спортските активности, нивното позитивно влијание врз организмот, здравјето,културно и духовно обогатување на личноста имајќи ја во предвид струката за која се подготвува,[27]

⇨ да ги развива позитивните карактеристики на личноста и граѓанските норми на однесување,[28]

⇨ да се стекне со култура за навивање при натпреварувањето, да почитува победник и достоинствено прифати пораз,[29]

---

[25] Наставна програма за предметот Физичко и здравствено образование (за viii одд.), Скопје, 2009 год., стр. 4 (http://bro.gov.mk/docs/fizicko_i_zdravstveno_obrazovanie.pdf).

[26] Закон за средно образование (Сл. весник на РМ бр. бр. 44/1995; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 67/2004; 55/2005; 113/2005; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012 и 24/2013).

[27] Наставна програма за предметот Спорт и спортски активности (за средно стручно образование со тригодишно траење, за I-III год.), Скопје, 2013 год., стр. 3 (http://bro.gov.mk/docs/nastavni-programi/Trigodishno/I-godina/Sport-I-SSO-trigodishno.pdf).

[28] Наставна програма за предметот Спорт и спортски активности (за средно стручно образование со тригодишно траење), Скопје, 2013 год., стр. 4 (http://bro.gov.mk/docs/nastavni-programi/Trigodishno/III-godina/Sport-III-SSO-trigodishno.pdf).

Заради дообјаснување, треба да се наведе дека овие цели се утврдени како цели на Наставната програма, а поконкретни цели се утврдени како цели на наставата за секоја училишна година.

Кога сме кај средното образование, треба да се напомене дека во Република Македонија по прашањето на спортот во 2014 година е донесен посебен Закон за спортска академија[30]. Со овој закон се уредуваат организацијата, функционирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес во спортската академија. Карактеристично е тоа што за прашањата што не се уредени со овој закон, а се однесуваат на спортската академија, се применуваат одредбите од Законот за средното образование. Во спортската академија се остваруваат планови и програми за гимназиско образование. Спортска академија е државно средно училиште и се основа само за остварување на планови и програми за гимназиско образование на одредени категории на ученици за кои државата има посебен интерес. Дејноста што се остварува во спортската академија е од јавен интерес и се врши како јавна служба.

## 3.2. Нормативна поставеност на физичкото образование во рамките на законите кои го регулираат спортот и насилството во спортот

### *3.2.1. Закон за спортот*[31]

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршењето на дејноста спорт заради остварување на јавниот интерес во спортот во надлежност на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, стопанисувањето со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и други прашања од значење за спортот.

Спорт, во смисла на овој закон, е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско – рекреативните активности на граѓаните.

Дејноста спорт ја вршат спортските здруженија и други правни лица во областа на спортот.

---

[29] Наставна програма за предметот Спорт и спортски активности (за средно стручно образование со тригодишно траење), Скопје, 2013 год., стр. 4 (http://bro.gov.mk/docs/nastavni-programi/Trigodishno/III-godina/Sport-III-SSO-trigodishno.pdf).

[30] Закон за спортска академија, Сл. весник на РМ бр. 115/14.

[31] Закон за спорт, Консолидиран текст од 2012 год.

Други правни лица, во смисла на овој закон, се: трговец-поединец и трговско друштво регистрирано за вршење дејност спорт, како и правно лице кое покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, е регистрирано и за вршење дејност спорт.

Во здруженијата и другите правни лица кои вршат дејност спорт се забранува политичко и верско организирање и дејствување.

За истакнување е дека со овој Закон експлицитно е дефинирано дека спортот е дејност од јавен интерес, при што се врши натамошно регулирање на тоа што претставува јавен интерес во спортот во надлежност на Република Македонија, на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Со овој Закон се регулирани и спортските натпревари и манифестации при што е утврдено дека нив ги организираат и реализираат спортските клубови и националните спортски федерации.

Спортските манифестации можат да организираат и други правни лица што вршат дејност спорт, физички и правни лица, установи и претпријатија во областа на воспитанието и образованието, угостителството и туризмот, под услови кои се утврдени со овој закон.

Организаторите на спортските натпревари и манифестации се должни да обезбедат укажување на итна медицинска помош за време на одржувањето на натпреварите, односно манифестациите.

Кога сме кај Законот за спорт, во контекст на ова разгледување посебно внимание заслужува одредбата на член 59 според која „Организаторот на спортските натпревари и манифестации е должен да ги спроведува ***мерките за спречување и оневозможување на насилното и недостојното однесување на гледачите.***[32] Мерките од овој член ги пропишува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот. Организаторот на спортските натпревари и манифестации е должен да не го надминува гледалишниот капацитет на објектот.

Тука уште треба да се истакнат одредбите на Законот за спорт кои се однесуваат на објектите за спорт, според кои за објекти за спорт се сметаат уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности. При проектирањето и изградбата на објектите за спорт, покрај примената на стандардите, техничките

[32] Закон за спорт, чл. 59.

нормативи, урбанистичките и други пропишани услови, се применуваат и посебни услови што се однесуваат на функционалноста, опремувањето и безбедноста на објектите.

Од особено значење за ова истражување се прашањата кои се однесуваат на навивачките групи, а се регулирани со Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот.[33]

Со овие измени и дополнувања, спортскиот клуб за да може да врши дејност спорт, покрај другото има обврска да „води регистар на членови на навивачка група" (Чл. 1), односно спортските клубови и Националната спортска федерација при поднесувањето на барањето за добивање на дозвола за вршење дејност спорт, како еден од документите кои треба да ги поднесат е „препис од регистарот на членови на навивачка група."(Чл. 2).

Во врска со навивачките групи, со овие измени и дополнувања на Законот, во нова глава „V-а. Регистар на членови на навивачка група", детално се регулирани сите прашања околу членството во навивачките групи. Така, спортските клубови имаат обврска да водат регистар на членови на навивачка група, а пак за членови на навивачка група е утврдено дека тоа се физички лица кои се запишани во регистарот на навивачи. Спортските клубови се должни да ги ажурираат податоците од регистарот на навивачи на секои шест месеци. Во однос на секоја операција или збир од операции што се изведуваат врз личните податоци за физичките лица содржани во регистарот на навивачи, а во врска со нивното собирање, внесување, евидентирање, ажурирање, организирање, чување, промена, повлекување, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, блокирање, бришење или уништување, како и која било друга обработка на личните податоци која произлегува согласно со овој закон, се применуваат прописите за заштита на личните податоци. За непридржување на спортските клубови кон обврските кои се однесуваат на навивачките групи се пропишани глоби од 1000 – 5000 евра.

[33] Закон за изменување и дополнување на Законот за спортот, Сл. весник на РМ бр. 187/13.

### *3.2.2. Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари*[34]

Со овој закон се уредуваат прашањата што се однесуваат на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, како и мерките за нивно спречување, осигурувањето на безбедноста на гледачите, натпреварувачите и другите учесници во спортските натпревари и обврските на организаторите и овластувањата на надлежните органи за спроведување на тие мерки.

Спортски натпревар, во смисла на овој закон, согласно на чл. 2 е секое поединечно натпреварување во организиран систем на спортски натпревари, согласно со одредбите на Законот за спортот. Со чл. 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот, „Организатор на спортски натпревар, во смисла на овој закон, се спортски клубови и национални спортски федерации, како и други правни и физички лица кои организираат спортски натпревар согласно со одредбите на Законот за спортот. Спортски терен, во смисла на овој закон, претставува просторот на кој се врши спортското натпреварување, како и просторот меѓу гледалиштето и просторот на кој се врши спортското натпреварување. Маскирано лице, во смисла на овој закон, е лице кое користи средства на телото (лице, глава и слично) заради создавање на потешкотии при утврдувањето на неговиот идентитет, односно заради прикривање на неговиот идентитет".[35]

Со член 3 од Законот е дефинирано што се подразбира под насилство и недостојно однесување:

- поседување или конзумирање на алкохолни пијалаци или опојни дроги, поседување на пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство од страна на лица кои доаѓаат на спортските натпревари, во временски период од два часа пред почетокот до два часа по завршување на спортскиот натпревар;
- внесување и употреба во спортските објекти на алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства, оружје и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство;

[34] Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, Сл. весник на РМ, бр. 89/04.

[35] Закон за изменување и дополнување на законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, Сл. весник на РМ, бр. 135/11.

- ⇨ внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини;
- ⇨ фрлање предмети во натпреварувачкиот простор или во гледалиштето, со што може да се загрози животот, физичкиот интегритет на лицата или имотот;
- ⇨ палење и фрлање на пиротехнички средства;
- ⇨ палење на навивачките реквизити, знамиња на други држави, знаме на друг клуб и други предмети;
- ⇨ повикување, поттикнување и учествување во тепачка или напад на спортисти, гледачи, редари, службени лица, организатори на натпреварот и други учесници во спортските натпревари;
- ⇨ физичка пресметка меѓу учесниците на спортските натпревари;
- ⇨ недозволено влегување во натпреварувачкиот простор од страна на гледачите и
- ⇨ оштетување или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект, како и на превозните средства при доаѓање, за време и после одржување на спортскиот натпревар, во временски период од два часа пред почетокот до два часа по завршување на спортскиот натпревар.

Вака дефинираното насилство и недостојно однесување, со наредните измени и дополнување е дорегулирано во смисла на тоа дека недозволените активности кои беа ограничени на два часа пред почетокот до два часа по завршување на спортскиот натпревар се заменуваат се продолжени „во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржувањето на спортскиот натпревар", а се утврдени следните три норми:

- ⇨ „недозволено влегување во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи,
- ⇨ престојување или задржување на навивачи во делот на гледалиштето за кое не поседуваат влезница или пропусница која ја издава организаторот на натпреварот и
- ⇨ недозволено влегување на навивачи во објектите кои се во функција на вршење на спортските активности."

Новина е и тоа што „Сите дејствија утврдени во ставот 1 на овој член претставуваат потежок облик на насилство и недостојно однесување, доколку се извршуваат од страна на маскирано лице."

Многу се значајни одредбите од Законот кои се однесуваат организаторот на натпреварот, а се однесуваат на насилството и недостојното однесување. Така, согласно на чл. 4 од Законот Организаторот на спортскиот натпревар е должен да ја процени можноста за случување на насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар и да преземе соодветни мерки за нивно сузбивање и спречување, пропишани со овој или со друг закон. Организаторот на спортскиот натпревар во процената на опасноста од насилство и недостојно однесување и при преземањето на потребните мерки за нивно сузбивање и спречување е должен да соработува со надлежните органи и да обезбеди доволен број лица, вклучувајќи ја и полицијата, на просторот на спортскиот објект и во неговата непосредна околина. Подоцна, со Измените и дополнувањата на Законите прецизирано дека „Организаторот на спортскиот натпревар во процената на опасноста од насилство и недостојно однесување при преземањето на потребните мерки за нивно сузбивање и спречување е должен да соработува со полицијата и другите надлежни органи и да обезбеди доволен број редари, а врз основа на процена на Министерството за внатрешни работи и полициски службеници, на просторот на спортскиот објект и во неговата непосредна околина."[36]

Врз основа на напред изнесеното може да се констатира дека спортот како општествена активност, во законите со кои се регулира основното и средното образование во Република Македонија воопшто не се уредени (спомнати). Од аспект на ова разгледување овој факт заслужува посебно внимание, бидејќи спортот како активност најмногу го практикуваат младите луѓе од овие образовни институции, исто како што тие млади луѓе се најчести носители на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. Во овие воспитно образовни институции покрај образовната се остварува и воспитната функција, па оттука и потребата од продлабочена анализа на поставените цели и задачи во посебните наставни предмети кои се изучуваат во основното и средното образование.

Законите со кои го регулираат спортот и насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, темелно ги третираат прашањата за надминување на појавите на насилството и недостојното однесување на спортските

[36] Закон за изменување и дополнување на законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, Сл. весник на РМ, бр. 135/11.

натпревари. Видливи се напорите на законодавецот за детално и проширено регулирање на прашањата со цел да се намалат можностите за случување на непосакуваните случувања. Исто така, видлива е се построгата казнена политика против носителите и учесниците на насилството и недостојното однесување на спортските натпревар.

# 4. ПРОБЛЕМ И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 4.1. Проблем на истражување

Конфликтите се постојани придружници на човековото опстојување, живеење и развој. Тие го следат човекот и општествената заедница, без разлика на тоа дали тој егзистира како индивидуа, во група или во повисоки општествено организирани форми на живеење. Во зависност од тоа во каква општествена форма живее човекот, се детерминирани и односите и релациите, а со тоа и недоразбирањата и причините за настанување на конфликтите. Со оглед на тој факт, за конфликтите може да се рече дека се историска и актуелна појава и категорија.

Причините за појавување на конфликтите можат да бидат различни. Недоразбирањата помеѓу поединците, групите организирани по различни основи, државите и помеѓу државите, постојано го придружуваат човековото живеење. Во основа, различните интереси помеѓу спротивставените страни се доволна причина за манифестирање на конфликтните состојби. Во рамките на конфликтната состојба, за која патем речено е многу тешко да се дефинира временската рамка, се случува мноштво на односи и релации. Средствата и инструментите на тие релации се различни (од разумни до насилни). Вкупниот амбиент е непредвидлив, па оттука и епилогот од конфликтот го носи истиот епитет. Сепак, тоа не значи дека сите конфликти се еднакви, што секако ни дава за право на нивна класификација на конструктивни и деструктивни.

Во секојдневниот говор под конфликт најчесто се подразбира ***судир меѓу две или повеќе лица или групи кои применуваат сила како средство за да победат или да се одбранат.*** Притоа, под примена на сила најчесто се подразбира нанесување физичка повреда или штета, иако се почесто се признава дека е можно да се зборува за примена на психолошко насилство врз противникот. Ваквото определување на конфликтот е многу ограничено, па дури и погрешно затоа што може да постои вистински конфликт и тогаш кога ниту една страна од учесниците не манифестирала насилничко однесување.

Во стручната литература се сретнуваат голем број на дефиниции за конфликтот. Некои од нив го нагласуваат однесувањето на учесниците во конфликтот (било да се работи за прикриен отпор или за отворена агресија), другите се концентрираат на изворите на конфликтот (какви што се ограничените средства или спротивставените

интереси), а трети се однесуваат на ставовите и чувствата што се јавуваат во конфликтот (какви што се стереотипите, непријателството и нетрпеливоста).

Дефиницијата што би ги обединила сите битни аспекти на конфликтот треба да укаже на трите негови **компоненти:**

⇨ ***страни*** во конфликтот;

⇨ конфликтно ***однесување***; и

⇨ конфликтни ***интереси***.

Значи, конфликтот е резултат на истовремено постоење на конфликтни интереси и конфликтно однесување меѓу страните во конфликтот.

Страни во конфликтот се поединци или групи што се директни учесници во конфликтот. Во секој конфликт мора да учествуваат најмалку две спротиставни страни, а се случува да има и повеќе. Во зависност од тоа кои се страните во конфликтот, постојат:

⇨ интерперсонални,

⇨ интергрупни и

⇨ интрагрупни конфликти,

***Интерперсоналните*** конфликти се случуваат меѓу поединци. Такви се, на пример, конфликтите на релација сопруг-сопруга, родител-дете, брат-сестра, ученик-наставник и сл.;

***Интергрупните*** конфликти се јавуваат меѓу групи со најразлична големина, формирани според најразлични основи. Меѓу нив спаѓаат семејства, работни и други организации, потесни и пошироки заедници, етнички групи, цели држави, народи, раси итн.;

***Интрагрупните*** конфликти се одвиваат меѓу припадници на помали групи и, по правило, ги вклучуваат сите припадници на таа група. Конфликтите од ваков вид се одвиваат во рамките на семејствата, спортските екипи, работните групи, различните комисии и одбори и сл.

Конфликтното ***однесување*** се состои од активности што ги презема едната страна со намера да и се спротивстави на другата или да ги спречи нејзините активности.

Овде спаѓаат активностите со различен интензитет: од пасивна индиферентност (неподдржување), преку отворено несогласување, расправање саботирање и најразлични облици на насилство (како навредување или удирање), до целосна војна.

Под ***интереси*** се подразбираат искажаните и неискажаните грижи, потреби, желби или ставови што произлегуваат од интеракцијата помеѓу страните во конфликтот. Кога и двете страни настојуваат да добијат од нивната интеракција, интересите се заеднички и конфликт не постои. За да бидат конфликтни, интересите треба да бидат спротивставени - едната страна да настојува да добие „за сметка“ на другата.

Многу често страните во конфликтот имаат заеднички интереси, но конфликтот не би постоел доколку не би имале и некои спротивставени интереси. Конфликтот е резултат на истовремено постоење и на спротивставени интереси и на конфликтно однесување.

Спротивставените интереси можат да бидат проследени со неконфликтно однесување, тогаш конфликтот е прикриен. Меѓутоа кога во конфликтот се вклучени заеднички интереси, но во присуство на конфликтно однесување, тогаш конфликтот е лажен.

Според, Мурџева-Шкариќ, кога ќе се изговори зборот *конфликт*, одговорот што најчесто го даваат луѓето е дека станува збор за „борба, напнатост, омраза или некоја слична друга *негативна појава*.[37] Потоа, таа продолжува со констатацијата дека „конфликтот се изедначува со несогласување, недоразбирање, судири на мотиви, интереси и потреби. Вистината е: конфликтот не е ниту позитивна ниту негативна појава. Конфликтот како феномен добива негативно значење кога се разрешува насилно, но тој може да биде и поттик за развој“.[38] Во врска со искажаното, а во контекст на трансформирањето на конфликтите, Мурџева-Шкариќ ќе констатира дека „прво што треба да го *промениме е сфаќањето за конфликтите*. Нив треба да ги сфатиме како реалност составена од ставови, однесување и контрадикции која може да биде предизвик за развој кога настојуваме да ја преобразиме во нова реалност со повисок квалитет. Второ што треба да се *трансформира е самиот процес и стил* на решавање на конфликти, бидејќи од нив непосредно зависат исходите од конфликтот“.[39]

Погоре наведеното претставува општо разгледување околу проблемот на истражување во општи општествени рамки. Секако, ваквото образложение е прифатливо и за разгледување на пониско ниво, односно за разгледување на

---

[37] Мурџева-Шкариќ, О., *Ненасилна трансформација на конфликти*, Филозофски факултет, Скопје 2007, стр. 36,
[38] Исто.
[39] Исто.

спротивставените интереси на пониско ниво според функциите и облиците на општествено организирање (политика, економија, образование, култура, спорт).

Разбирливо, имајќи го предвид насловот на овој проект, централна категорија во истражувањето ќе бидат страните, однесувањето и интересите кои се појавуваат во сферата на спортот, притоа ставајќи го акцентот на насилните девијантни појави кои го следат него и каква е улогата на образовниот менаџмент на таквите случувања. Но, повеќе за тоа во предметот на истражувањето.

## 4.2. Методологија на истражување

### *4.2.1. Предмет на истражување*

Основен предмет на ова истражување е влијанието на менаџментот во образованието врз девијантните појави на спортските натпревари кај публиката, и колку тој може успешно да влијае врз нивно намалување или целосно избегнување.

Секако, на однесувањето на навивачите на спортските натпревари влијание имаат повеќе фактори. Во тие фактори спаѓаат: семејството, местото на живеење, воспитно-образовниот систем (од основно, средно и високо образование), социјалниот живот, активностите на полицијата во конкретни ситуации, невладините организации, членувањето во политички партии, здруженија на граѓани, медиумите, религиските организации и др.

Во конкретниот случај, предмет на истражувањето ќе биде влијанието на воспитно образовниот систем или поточно речено на образовниот менаџмент на насилното однесување на младите луѓе на спортските натпревари. Логично, заради каузалноста на појавата, неопходно внимание ќе биде посветено и на другите фактори кои влијаата на ваквото однесување.

Предметот на истражувањето покажува како однесувањето на една или повеќе индивидуи кои се наоѓаат на спортските натпревари влијаат врз останатите и какви последици носат истите. Влијанието на образовниот менаџмент врз поединецот или групата ќе донесе подобро функционирање на публиката на спортските натпревари, а пак тоа ќе придонесе за вистинска навивачка атмосфера, односно секогаш да се има играч повеќе на теренот, било за кој спорт или клуб да се работи.

Во Република Македонија, иако за квалитативни достигнувања во спортот (со чесни исклучоци) сме на ниско ниво или уште подобро речено во развој, на планот на неспортско, насилничко па дури и хулиганско однесување, може да се рече дека

предничиме и присутна е тенденција на раст на манифестирање на негативните појави кога е во прашање спортот, пред се, негативното спортско навивање. Носител на ваквите негативни појави тежишно е младата генерација. Тоа се во истовреме и основните причини заради кои произлезе научниот интерес за истражување токму на тема со ваквo наслов.

Ваквата појава не е изолиран случај само за Република Македонија. Напротив, во современите и развиени држави, како што е на пример Англија, со овој проблем се имаат соочено многу порано, а со самото тоа имаат пристапено и кон решавање на истиот, бидејќи многу пати се имаат соочено и со загуба на човечки животи. Исто така, како што е добро познато и поимот хулигани (hooligans) потекнува токму од кај нив. За жал нашата држава после осамостојувањето, од модерните општества како што поприми многу позитивни примери, така поприми и многу негативни како што е примерот со наведеното.

Оттука, основното научно прашање на кое се направи обид да се даде научно втемелен одговор е: ***дали добро поставениот и во пракса спроведениот менаџмент влијае врз намалувањето на девијантното однесување на младите на спортските натпревари?***

#### *4.2.2. Цели и задачи на истражувањето*

Резултатите кои се добиени од истражувањето се очекува да овозможат подобар увид за тоа како размислуваат младите, иако можеби не секогаш се учесници, сепак се најчесто сведоци на девијантното однесување на одредена група или толпа. Тоа, може да се каже и дека е **општествена цел на истражувањето**.

**Научната цел на истражувањето** пак е, да се покаже како може да се влијае на младите уште од мали нозе доколку се практикува вистински образовен менаџмент, каде истовремено ќе ја покажуваат културата на спортските натпревари, како може да ја пронајдат својата вистинската улога како поддржувачи на тимот или поединецот за кого навиваат.

Пред сѐ, може да се каже дека се работи за квалитативно истражување. Овој вид на истражување се карактеризира со „помеки“ и поприродни методи и начини на истражување. Најчесто се користи партиципативно истражување, но поради карактерот на работата во одредени организации можеше да се користат и анкета и интервјуто, како инструменти во истражувањето, но и на специфични истражувачки техники и инструменти, особено кога се приоѓа во затворени групи или вршење на набљудување

во рамките на бихеивористичките сознанија за поединците и групите. Како и да е, во праксата знаеме дека не може да се направи строга дистинкција помеѓу квантитативно и квалитативно истражување, туку најчесто се работи за нивна комбинација, односно се прави обид да се „држи" средината. Оттука се наметна и потребата за употреба на комбинираниот модел на истражување.

Се работи за акционо истражување затоа што со истото се имаше за цел да се разрешат практични проблеми во општеството, како и да се придонесе за унапредување на практиката.

Според временската насоченост може да се каже дека се работи за современо истражување. Овој вид на истражувања се најбројни, бидејќи преку нив се третираат актуелните општествени проблеми. Конкретното истражување е со ограничен временски период, со цел да се добијат релевантни научни податоци за однесувањето на испитаниците односно на примерокот на истражувања.

Основна **задача** на ова истражување беше:

- ⇨ Да се прикаже актуелната улога на менаџмент во процесот на намалувањето на девијантните појави на младите на спортските натпревари.
- ⇨ Да се утврди оправданоста од потребата на менаџмент како е главна и основна алатка за решавањето на проблемот со девијантното однесување на младите.
- ⇨ Да се применат добиените сознанија како можен модел за употребата на менаџмент како инструмент на превенција на девијантното однесување на младите на спортските натпревари.

### *4.2.3. Хипотези*

#### *4.2.3.1. Главна хипотеза*

Однесувањето на младите на спортските натпревари зависи од остварувањето на улогата на менаџментот, а манифестирано преку перцепцијата за нивната љубов кон спортот, присуството на спортските натпревари и поведението на истите, следено преку ставовите на испитаниците за определени прашања во врска со предизвикување на инциденти и нивната оправданост.

#### *4.2.3.2. Посебни хипотези*

<u>Посебна хипотеза 1</u>

Не постои разлика во редовноста на посетата на спортските натпревари и со кого младите одат на натпревари во зависност од нивното ниво на образование и полова припадност.

Посебна хипотеза 2

Етничката припадност на испитаниците не влијае врз нивниот став за примарно значење победник на спортските натпревари да биде нивниот тим.

Посебна хипотеза 3

Етничката припадност на испитаниците влијае врз нивниот став за насилно однесување на спортските натпревари.

### *4.2.4. Варијабли на истражувањето*

Како **независни варијабли** во истражувањето се јавуваат:

- ⇨ Образованието на испитаниците,
- ⇨ Мерките и активностите на образовниот менаџмент,
- ⇨ Полот и
- ⇨ Етничката припадност.

Како **зависни варијабли** во истражувањето ќе се користат:

- ⇨ Ставовите на членовите и на лидерите на навивачките групи,
- ⇨ Поведението на навивачите на спортските натпревари (насилно/ненасилно).
- ⇨ Фреквенцијата на посетеност на спортските натпревари

### *4.2.5. Примерок на истражувањето*

Како примерок на истражување се земени учениците од завршната година во основното образование на случаен примерок од 200 ученици од 4 основни училишта, како и 200 ученици од 2 средни училишта од завршната година на средно образование, сразмерно на распределбата според пол и етничка припадност согласно на последниот попис во Република Македонија од 2002 година. Истражувањето се спроведе на примерок од училиштата во Скопје, од причина што токму учениците од Скопје најчесто се учесници на девијантни појави на спортските натпревари.

Примерокот на испитаници е определен по случаен избор од две основни училишта со мнозински етнички состав на Македонци, едно училиште со мнозински етнички состав на Албанци и едно училиште со мнозински етнички состав на Роми.

Примерокот на испитаници од средните училишта е направен по случаен избор и тоа во две средни училишта без обзир на етничката припадност на испитаниците.

Покрај наведеното, како примерок на истражување се употребени и лидерите на навивачките групи со кои е спроведено затворено интервју со неколкумина од нив.

*4.2.5.1. Преглед на примерокот на испитаници во спроведеното истражување*

При спроведувањето на истражувањето, се појави отстапување на предвидениот примерокот на истражување во однос на податоците од Државниот завод за статистика според податоците од пописот од 2002 година.

Како резултат на етничката поделеност на училиштата, (особено на основните училишта) и различниот број на ученици во истите, се појави дискрепанца во однос на вообичаено-регуларно очекуваниот број на испитаници и нивната распределба според етничка припадност.

Распределбата на примерокот на истражување во однос на етничката припадност на испитаниците е прикажан на Графиконот број 1.

**ПРИКАЗ**

на процентуалната застапеност на испитаниците според нивната етничка припадност

Графикон бр. 1




Забележливо е дека статистичкото отстапување на Македонците во однос на државниот завод за статистика според пописот од 2002 година изнесува 13,7% помалку, а кај Албанците приближно 20% повеќе.

Оваа отстапување се должи на нерамномерната распределба на ученици во основното и средното образование според нивната етничка припадност.

Сметаме дека во генералната анализа на податоците и тестирањето на хипотезите дивергенцијата на процентуалното учество во истражувањето на учениците од основните и средните и училишта според нивната етничка припадност не влијаеше драстично.

Доколку подлабоко се анализира оваа дивергенција може да дојдеме до некои заклучоци кои не наведуваат на идни социолошки прашања, а врз кои образовниот менаџмент не може да влијае, но од кои ќе трпи влијание. Оваа влијание ќе се одрази врз неговата организација и некои специфичности во делувањето.

Во однос на половата припадност на испитаниците како втора значајна варијабла во истражувањето, неопходно е да напомeнеме дека и тука постои отстапување од утврдената статистичка состојба на државно ниво, а може да се види на Графикон број 2.

**ПРИКАЗ**

на процентуалната застапеност на испитаниците според нивната полова припадност

Графикон бр. 2




Процентот на распределба на жени и мажи испитаници отстапува во корист на мажите иако државниот просек е во корист на жените. Бидејќи, се работи за основни и средни училишта и во нивни рамки на стриктно дефинирани групи (одделенија-класови), оваа отстапување е во рамките на очекуваното. Самото отстапување се движи

во рамките на 5% минус за жените и исто толку во плус за мажите. Оваа отстапување не влијае карактеристично врз одговорите и анализите при тестирањето на хипотезите со половата варијабла.

Во однос на распределбата на примерокот на истражување во рамките на контролниот инструмент – интервјуто со лидерите на навивачките групи беа опфатени лидери на три навивачки групи. Секако дека вакviот опфат навидум е недоволен за валидно заклучување во однос на вкупниот број на навивачки групи (15-20). Меѓутоа, ако се има предвид дека одвај една половина од навивачките групи се континуирано активни и имаат позначајни настапи на спортската сцена, како и тешкиот пристап за интервју со нивните лидери, заклучокот се менува и примерокот го прави валиден бидејќи се движи над 30%.

Тука, уште треба да се истакне дека за спроведување на интервју со оваа категорија на испитаници објективно се доаѓаше до потешкотија. Како причини за тоа можат да се наведат следните: свесно одбегнување, зафатеност, желбата за анонимност, како и неможноста да дојдеме ниту преку snow boll до посакуваните лица за релевантно интервју. Особено е тешко да се достигне етничката распределба поради затвореноста на навивачките групи и нивната видлива етничка спротивставеност. Во однос на половата варијабла неможеме да зборуваме за било каква релевантност, бидејќи не наидовме на лидери на навивачки групи-жени.

### *4.2.6. Методи, техники и инструменти на истражувањето*

Поаѓајќи од целите на истражувањето, а поради комплексноста на истражувањето и значението на добиените резултати и остварување како на научните, така и на општествените цели, како метод на пристап ќе се примени ***„интегративниот метод"*** (методот на триангулација). Со помош на индуктивен приод во истражувањето (од поединечно кон општо) се очекува да се добие реална проценка на влијанието на образовниот менаџмент врз намалувањето на девијантните појави на младите на спортските натпревари. Обработката на податоците во себе ќе опфати дел од квалитативниот и дел од квантитативниот приод, а ќе се реализира преку инструментите за собирање на податоците. Од аспект на целите на истражувањето, оваа истражување може да го класифицираме како дескриптивно истражување. Притоа, со дескрипцијата ќе се направи обид да се појасни зошто и каква е поврзаноста помеѓу образовниот менаџмент и девијантното однесување на младите на спортските натпревари.

Истражувањето ќе биде спроведено на краток период како **„акциско истражување“**, насочено кон анализата на содржаната на наставните планови и програми како дел од образовниот менаџмент. Исто така, ќе се применат и други инструменти кои ќе можат да дадат релевантни научни сознанија за практичното влијание на образовниот менаџмент.

Во истражувањето ќе се употребат следните инструменти:

⇨ **Анкета** - преку анкетен прашалник со индивидуално пополнување на прашалникот од затворен тип, како и употребата на Линкертовата скала за мерење на ставовите на испитаниците (учениците), како и за впечатоците на испитаниците за влијанието на образовниот менаџмент низ воспитниот и образовниот процес преку предметот Физичко образование и воспитание.

⇨ **Анализа на содржината** - на наставните планови и програми, нормативните документи, во рамките на образовниот процес а кои се однесуваат на образовниот менаџмент.

⇨ **Интервју** – преку спроведување на затворено интервју со дел од лидерите на навивачките групи и нивните ставови за причините на девијантното однесување на младите на спортските натпревари.

### *4.2.7. Обработка на податоците*

Анализата на податоците претставува сложена и повеќеслојна операција, а се состои од: опис, интерпретација и заклучување, вклучувајќи го и објаснувањето или разбирањето на појавите.

При обработката на податоците се применети следните постапки:

⇨ план на табелирање,

⇨ логичка контрола и

⇨ содржинска контрола.

Во рамките на анализата на податоците како содржински метод, преку статистичко оценување се примени тестирањето на хипотезите, преку утврдувањето на процентуалната застапеност на одговорите и утврдувањето на средната вредност.

Процентуалната распределба и средната вредност се употребени за потврдување или отфрлање на хипотезите, односно за утврдување на распределбата на одговорите на прашањата во анкетниот прашалник според процентуалната застапеност. Дистрибуцијата на фреквенцијата покажува во кој степен се разликуваат добиените одговори во однос на етничката и половата припадност на испитаниците, како и во

колкав процент се разликуваат одговорите помеѓу групите и категориите на испитаници, а сето тоа во однос на тоа дали учениците се од основното или од средното образование.

Исто така, е застапен и дескриптивниот начин на анализа на податоците добиени од анкетниот прашалник, а се изврши и компарација во однос на одговорите од групите испитаници и статистичките податоци, со што се дојде до дефинитивна анализа за влијанието на менаџментот.

Бидејќи, се работи со кодирање на затворени прашања, одговорите се означени со броеви од 1-5 кај Ликертовата скала, додека другите прашања од анкетниот прашалник се кодирани соодветно на бројот на понудени одговори. Самите прашања се нумерирани со што се врши кодирање на сите категории на одговори. Пропуштените одговори или неодговорените прашања се кодираат со 99.

Интервјуто со лидерите на навивачките групи се искористи како контролен инструмент.

# 5. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И ТЕСТИРАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ

Анализата на резултатите од истражувањето преку разгледување на средната вредност при распределбата на добиените одговори овозможува да ги тестираме поставените хипотези. На овој начин се доаѓа до потребните заклучоци за практичната улога на образовниот менаџмент по прашањето на однесувањето на младите на спортските натпревари и можноста за превентивно делување во рамките на образовниот процес.

Тестирањето на хипотезите започнува со тестирањето на помошните хипотези, а потоа се тестира и Главната хипотеза.

Потребно е да се напомене дека анкетните прашалници содржеа поголем број на прашања, но при тестирањето на хипотезите не се употребени сите. Исто така, се употребени само одделни прашања од спроведеното интервју со Лидерите на навивачките групи. Во основа се употребени онолку неопходни прашања колку се потребни за составување на квалитетна анализа на добиените одговори и соодветно тестирање на хипотезите.

Со тоа, врз основ на добиените одговори од испитаниците и нивна компарација е овозможено да се извлечат соодветни заклучоци во корелација со тврдењата дадени во хипотезите.

## 5.1 Анализа на добиените резултати и тестирање на Посебните хипотези

### *5.1.1. Тестирање на посебната хипотеза 1*

Посебната хипотеза 1 гласи: Не постои разлика во редовноста на посетата на спортските натпревари и со кого младите одат на натпревари во зависност од нивното ниво на образование и полова припадност.

Тестирањето на посебната хипотеза 1, е поврзано со посетувањето на спортските натпревари од страна на младите. Истакната е поврзаноста на честата фреквенција на присуство на спортските натпревари во зависност од половата припадност на младите и нивното ниво на образование. Врз основ на утврдената честа посетеност на спортските натпревари, подоцна ќе може да се утврди влијанието кое треба да го оствари менаџментот и општеството врз поведението на младите кои одат на спортските натпревари.

Првото прашање преку кое беше тестирана оваа посебна хипотеза гласи: „Дали посетувате спортски натпревари?"

Понудени се четири можни одговори и тоа: 1. Редовно посетувам, 2. Повремено посетувам, 3. Многу малку посетувам и 4. Воопшто не посетувам, а при обработката на податоците од истражувањето произлезе дека на ова прашање има и без одговор.

Преку оваа прашање ја согледуваме фремвенцијата со која младите ги посетуваат спортските натпревари, а во зависност од нивната полова припадност и нивото на образование.

Распределбата на добиените одговори најпрво ја вкрстивме со варијаблата на нивото на образование на испитаниците, при што како посебни категории беа одвоени испитаниците од основните и средните училишта. Ваквата поделба беше неопходна бидејќи возраста и различните нивоа на образование нужно ја диференцираат улогата на образовниот менаџмент врз младите во различни средини и нивоа на образование.

Во однос на испитаниците од основно образование, распределбата на одговорите може да ја видиме на Графиконот број 3.

**Приказ**

на распределба на одговорите на прашањето „Дали посетувате спортски натпревари"?

,според нивото на образование на испитаниците Основни училишта

Графикон бр. 3




| | Редовно посетувам | Повремен о посетувам | Многу малку посетувам | Воопшто не посетувам | Не е одговорен о |
|---|---|---|---|---|---|
| Лазо Ангеловски | 15,00% | 40,00% | 30,00% | 15,00% | 0% |
| Ѓорѓија Пулески | 25,00% | 70,00% | 5,00% | 0% | 0% |
| 26-ти Јули | 18,20% | 36,40% | 22,70% | 13,60% | 9,10% |
| Лирија | 18,20% | 36,40% | 18,20% | 27,30% | 0% |

Редовното посетување на спортските натпревари е најзастапено кај учениците во ОУ Ѓорѓија Пулевски со 25% од основците, додека високи 70% повремено посетуваат спортски натпревари.

Најдивергентни се одговорите добиени од учениците во ОУ Лирија каде што 27,3% или приближно најголем процент од учениците воопшто не посетуваат спортски натпревари, додека 36,4% повремено одат на спортски натпревари. Нешто слична е распределбата на одговори и во училиштето 26-ти Јули каде што 36,4% повремено посетуваат спортски натпревари, а 22,7% од учениците многу малку посетуваат спортски натпревари.

Со оглед на етничката застапеност во овие училишта, може да кажеме дека учениците во основните училишта со поголем процент Македонци ученици повеќе посетуваат спортски натпревари (ОУ „Ѓорѓија Пулевски" и ОУ „Лазо Ангеловски") отколку учениците во основните училишта со поголем број на ученици од Албанска и Ромска етничка припадност (ОУ „Лирија" и ОУ „26-ти Јули").

Може да заклучиме дека младите во поголем дел генерално повремено посетуваат спортски натпревари. Тоа му дава можност на образовниот менаџмент своето едукативно влијание да го насочи кон помала група на млади кои редовно одат на спортските натпревари. Причината за ваквиот заклучок е во фактот дека најризичната група млади може да биде под континуирано влијание на групната психологија од случувањата на спортските натпревари и под влијание да се однесуваат насилно.

Состојбата со распределбата на одговорите кај учениците од средните училишта може да се види на Графиконот број 4

**Приказ**

на распределба на одговорите на прашањето „Дали посетувате спортски натпревари"?, според нивото на образование на испитаниците Средни училишта

Графикон бр. 4



Може да се забележи дека околу 1/4 од учениците во средните училишта во кои беше спроведено истражувањето редовно посетуваат спортски натпревари, а дека помеѓу 1/3 и 1/2 повремено посетуваат спортски натпревари. Вклучувајќи ги испитаниците кои воопшто не посетуваат спортски натпревари може да се каже дека распределбата на одговорите е доста очекувана и дека во најголем процент средношколците посетуваат спортски натпревари.

Компарирајќи ги добиените резултати и распределбата на одговорите на испитаниците од основните и средните училишта може да го видиме влијанието кое образовното ниво го има врз посетеноста на спортските натпревари.

Распределбата на одговорите е прикажана во графикон број 5.

**Приказ**

на распределба на одговорите на прашањето

„Дали посетувате спортски натпревари"? , компаративно според нивото на образование на испитаниците

Графикон бр.5



Компарирајќи ја фреквенцијата на посетеност на спортските натпревари кај испитаниците од основните и средните училишта, може да констатираме дека воглавно со мали отстапувања редовно и повремено посетување на спортските натпревари е забележливо и кај двете категории испитаници според образовното ниво.

Оваа констатација не наведува на размислување дека во рамките на образовниот систем на Република Македонија, менаџментот има потреба да се сконцентрира и на средното и на основното образование, се со цел да се постигне превентивно влијание врз однесувањето на младите, а како резултат на утврдената тенденција за посетување на спортските натпревари. Забележлива е разликата во нешто поголем процент на редовно посетување на спортските натпревари кај средношколската младина.

Во однос на тестирањето на помошната хипотеза 1, преку фреквенцијата на посетеност на спортските натпревари според нивото на образование на испитаниците, може да се заклучи дека истото влијае врз посетеноста на спортските натпревари. Тоа особено се однесува на редовноста на посетувањето што е забележливо кај средношколците. Одтука, идното креирање на менаџментот е во зависност од фреквенцијата на посетеност на спортските натпревари, а насочува кон создавање на посебен пристап за влијание врз младите во однос на нивното однесување на спортските натпревари.

Второто прашање преку кое се тестираше помошната хипотеза 1 е „Со кого одите на спортски натпревар"? Оваа прашање беше вкрстено со варијаблата на полова припадност на испитаниците, затоа што се смета дека половата припадност влијае врз тоа со кого младите одат на спортските натпревари. Фактот пак со кого младите одат на спортските натпревари, влијае врз нивното однесување на истите. Тој факт со кого младите одат на спортските натпревари влијае врз креирањето на образовниот менаџмент. Одтука, може да стане збор за идно определување на целните групи кон кои треба да се насочи образовниот менаџмент, а со цел намалување на девијантното однесување на младите на спортските натпревари.. Во однос на целните групи не мора да станува збор само за директно влијание врз младите според нивната полова или етничка припадност, туку и кон родителите како целна група, неформалните и формалните општествени групи со кои младите одат на спортски натпревари.

Како одговори на прашањето „Со кого одите на спортски натпревар"? се понудени следните: 1. Сам, 2. Со другари, 3. Со родители, 4. Со роднини и 5. Организирано со навивачка група, а предвидена е можност и да нес е одговори на поставеното прашање.

Распределбата на одговорите на прашањето „Со кого одите на спортски натпревар"?, според половата припадност на испитаниците може да се види во Графиконот број 6

**Приказ**

на распределбата на одговорите на прашањето „Со кого одите на спортски натпревар"? според половата припадност на испитаниците

Графикон бр. 6




Најголемиот процент од испитаниците на спортските натпревари одат со другари или 66,7% од мажите (момчињата) и 65,1% од жените (девојчињата). Многу мал е процентот од 9,5% од девојчињата и 8,6% од момчињата на натпреварите одат со своите родители, а 6,3% од девојчињата и 7,4% од момчињата на натпреварите одат организирано со навивачка група.

Добиените одговори укажуваат на тоа дека родителите, роднините и организираните навивачки групи немаат можност за пошироко општествено влијание врз однесувањето на младите на спортските натпревари. Токму спротивно, огромно е влијанието на неформалните групи и генерациското дружење врз однесувањето на спортските натпревари.

Оттука, може да се каже дека половата припадност не влијае врз тоа со кого младите одат на спортските натпревари. Поради тоа може да заклучиме дека образовниот менаџмент ќе ја оствари својата улога доколку директно влијае врз однесувањето на младите на спортските натпревари имајќи предвид дека врз истото силно влијае нивното групно однесување во рамките на неформалните групи надвор од семејството, бидејќи е мал процентот на испитаници кои на спортските натпревари одат со член на своето семејство.

### *5.1.2. Анализа и тестирање на помошната хипотеза 2*

Помошната хипотеза 2 гласи: Етничката припадност на испитаниците не влијае врз нивниот став за примарно значење победник на спортските натпревари да биде нивниот тим.

Тестирањето на помошната хипотеза 2 за значењето за младите од победата на нивниот тим и поврзаноста со нивното идно однесување на спортските натпревари и го направиме преку согледувањето на дисперзијата на одговорите на прашањето: **„При посета на спортски натпревари важно Ви е“.** Понудени се три одговори и тоа: да победи тимот за кој навивам, да победи подобриот тим и сеедно ми е. Во самото истражување, се појави и можноста за неодговарање на поставеното прашање.

Дисперзијата на одговорите на оваа прашање, а според етничката припадност на испитаниците може да се види на Графиконот број 7.

**Приказ**

на распределбата на одговорите на прашањето „При посета на спортски натпревари важно ви е“, според етничката припадност на испитаниците

Графикон бр. 7




| | Да победи тимот за кој навивам | Да победи подобриот тим | Сеедно ми е | Не е одговорено |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | 74% | 11,70% | 10,40% | 3,90% |
| Албанци | 51,60% | 35,90% | 10,90% | 1,60% |
| Други | 66,70% | 0 | 33,30% | 0 |

Според распределбата на одговорите, високи 74% од Македонците сметаат дека е важно да победи тимот за кој навиваат, додека оваа е важно за 51,6% од Албанците.

Добиените резултати покажуваат дека образовниот менаџмент може да има влијание во зголемување на спортскиот дух и практично однесување на младите на спортските натпревари во насока на поттикнување на желбите за победа на подобриот тим, а не на својот тим. Ова треба да влијае врз намалување на насилното однесување на младите на спортските натпревари.

Чувството за неопходност од победа на сопствениот спортски тим по секоја цена претставува предуслов за непријателско перцепирање на навивачите од другиот тим што создава конфликтно однесување и предизвикува насилство на спортските натпревари.

Може да се каже дека образовниот менаџмент има услови да одигра клучна улога во влијанието врз промената на перцепциите кај младите и прифаќањето на спортските натпревари единствено како натпревари во кои треба да победи подобриот со што ќе се развива спортскиот дух кај младите.

Оваа сознание се темели пред се на фактот до кој дојдовме при тестирањето на посебната хипотеза 2 дека без разлика на етничката припадност на испитаниците не постои драстична разлика кај младите во однос на ставот дека нивниот тим мора да биде победник и дека тоа им е особено важно. Токму овој став влијае врз нивното поведение на спортските натпревари и варијаблата „етничка припадност" го засилува ризикот од нетолерантно и насилно однесување, особено доколку на спортскиот натпревар учествуваат екипи кои имаат навивачи од различна етничка припадност. Во тој случај спротивставеноста и желбата за победа ќе го засилат насилното однесување кај младите.

### *5.1.3. Анализа и тестирање на посебната хипотеза 3*

Посебната хипотеза 3 гласи: Етничката припадност на испитаниците влијае врз нивниот став за насилно однесување на спортските натпревари.

Тестирањето на помошната хипотеза 3, во однос на практичното насилно однесување на младите на спортските натпревари е направено преку прашањето за ставот на младите за некои карактеристични однесувања на спортските натпревари кои се насилни и предизвикуваат продолжување или спирала на насилството и реципроцитетно однесување, а засновано врз влијанието на етничката припадност на испитаниците. Овие две варијабли сметаме дека се значајни и влијаат врз идните

постапки на менаџментот и успешното превенирање на насилното однесување, особено во однос на поттикнувањето на насилството врз етничка основа. Притоа се согледуаат ставовите во однос на провокациите кон противничката навивачка група и употребата на спортските реквизити во физичко насилство и загрозување на личната и јавната безбедност.

Прашањето преку кое ја тестиравме помошната хипотеза 3 преку варијаблата на етничката припадност на испитаниците, гласи: **Какво е Вашето мислење за палењето на противничките навивачки реквизити (знамиња, и др.).**

Во прашањето се понудени следните одговори: целосно ги осудувам ваквите постапки и штом тоа го прават едните може и другите, а се појавија и не одговорени прашања.

Распределбата на добиените одговори на оваа прашање може да се види на Графиконот број 8.

**Приказ**

на распределбата на одговорите на мислењето на испитаниците за палењето на противничките навивачки реквизити - според етничката припадност на испитаниците

Графикон бр. 8




| | Целосно ги осудувам ваквите постапки | Штом тоа го прават едните може и другите | Не е одговорено |
|---|---|---|---|
| Македонци | 54,50% | 39,00% | 6,10% |
| Албанци | 29,70% | 56,20% | 14,00% |
| Други | 66,70% | 33,30% | 0% |

Дисперзијата на одговорите покажува значајни дивергенции според етничката припадност на испитаниците и не насочува кон заклучок дека етничката припадност влијае врз перцепцијата и практичното однесување на спортските натпревари во насока на насилно однесување. Имено, 54,5% од Македонците и 66,7% од останатите целосно ги осудуваат постапките на насилство и уништување на противничките навивачки реквизити, додека само 29,7% од Албанците испитаници го мислат истото. Спротивно, реципроцитетот во однесувањето го оправдуваат 56,2% од Албанците и 39% од Македонците. Кај Албанците е изразен ставот за реципроцитетно однесување и тоа кај повеќе од половината испитаници или 56,20%.

Ваквата распределба на одговорите не насочува кон заклучокот дека менаџментот треба да се насочи кон поттикнување на толерантноста кон другите навивачки групи и нивните навивачки реквизити. Оваа може да се оствари преку влијанието врз испитаниците од различни етнички групи намалувајќи ја етничката определба во навивањето на спортските натпревари.

Особено е значајно влијанието кое менаџментот треба да го постигне во текот на образовниот процес кога и се формираат личностите на младите луѓе преку интеркултурна комуникација и социјализација намалувајќи ја социјалната дистанца која преку изразеното насилство на спортските натпревари може да ја перцепираме како присутна. Притоа, значајно е да се елиминира крадењето на став за реципроцитетно однесување, туку да се поттикне толерантноста и идентификуваат основните причини за насилно однесување.

Прашањето број 10 од анкетниот прашалник се однесува на друг начин на насилно однесување на младите на спортските натпревари и гласи: **„Какво е Вашето мислење за фрлањето на предмети во натпреварувачкиот простор или во гледалиштето, со што може да се загрози животот, физичкиот интегритет на лицата или имотот“?**

Понудени се следниве одговори: Целосно ги осудувам ваквите постапки, Штом тоа го прави едната страна и другата страна има право да го прави истото и На спортските натпревари гледачите воопшто не треба да имаат со себе вакви средства.

Според етничката припадност на испитаниците распределбата на одговорите може да се види на Графиконот број 9.

**Приказ**

на распределбата на одговорите на прашањето за ставот на испитаниците во врска со фрлањето на реквизити во натпреварувачкиот простор и гледалиштето и загрозувањето на животот и физичката безбедност и интегритет на лицата

(според етничката припадност на испитаниците)

Графикон бр. 9




Одговорите на оваа прашање укажуваат на воглавно ненасилна перцепција на испитаниците во однос на целосното одобрување на употребата на насилство на спортските натпревари преку фрлањето на предмети во натпреварувачкиот простор и гледалиштето.

Неодобрувањето на овој вид на насилно однесување е особено изразено кај испитаниците „останати" 66,7% и „Албанците" со 59,4%, додека кај испитаниците Македонци со 46,10% од испитаниците е изразен ставот дека на спортските натпревари гледачите воопшто нетреба да имаат вакви средства со себе.

Оваа распределба на одговорите го насочува образовниот менаџмент кон потребата за интензивно делување во насока на промена на перцепцијата на младите во однос на оправдувањето на фрлањето на предмети во натпреварувачкиот простор и гледалиштето.

Притоа, потребно е да констатираме дека етничката припадност влијае врз ставот на испитаниците во однос на насилното однесување на спортските натпревари, а утврдено преку провокациите со палење на противнички навивачки реквизити и фрлање на реквизити кон спротивната навивачка група или на теренот загрозувајќи ја личната и јавната безбедност.

## 5.2. Презентација на резултатите од интервјуто спроведено со лидерите на навивачките групи

Најпрвин неколку статистички податоци. Во Република Македонија во различен временски период егзистираат различен број на навивачки групи. Нивниот број е во интервалот од 15-20 навивачки групи. Бројката варира во зависност од видот на спортот што го фаворизираат, а интензитетот на навивачкото живеење варира во зависност од успехот на клубот што го поддржуваат.

Тука треба да се истакне дека со интервју беа опфатени лидери на три навивачки групи. Секако дека ваквиот опфат навидум е недоволен за валидно заклучување во однос на вкупниот број на навивачки групи (15-20).

Бројот на членови во навивачките групи се движи од неколку стотини до неколку илјади навивачи. Бројот на членови во навивачките групи и бројот на самите навивачки групи во определен спорт најмногу зависи од раширеноста (масовноста) на конкретниот спорт во Република Македонија, а потоа и од успесите кои се постигнуваат во конкретниот спорт. Имајќи го предвид овие критериуми, во Републиката најбројни се навивачките групи кои го поддржуваат фудбалот, ракометот и кошарката.

Присуството на навивачките групи во другите спортови е занемарливо, освен ако се земе предвид фактот дека исти навивачки групи поддржуваат екипи со исти називи а од различни спортови.

Интервјуто, од аспект на општите/организациските работи, ги покажа и следните резултати.

Поорганизираните навивачки групи имаат свои Програми за навивање, кои во основа претставуваат утврден редослед на активности за поддршка на сопствениот тим.

Многу малку навивачки групи имаат утврдено правила на навивањето, однос Кодекс на поддршката на сопствениот тим. Секако дека востановувањето на кодекси за

навивање на навивачките групи е многу побитна од имањето на Програма за навивање, бидејќи со кодексот се пропишува начинот на реализацијата на истата таа програма.

Се разбира кога ваквите правила на однесување ќе бидат утврдени и од условно речено од „другата страна", се создава солидна основа за фер и спортско поддржување на сопствениот тим.

Истражувањето покажа дека навивачките групи својата активност ја појавуваат исклучиво за време на одржувањето на спортските натпревари. Активноста се сведува на собирање на одредено собирно место, заедничко заминување до местото на спортскиот настан и делумно заедничко дружење после спортскиот настан.

Во врска со ова прашање може да се констатира дека организиран живот на членовите на навивачките групи помеѓу два спортски настани не постои.

Евиденција за присуството на членовите на навивачките групи на натпревари не се води. Според кажувањето на испитаниците, битно е на натпреварот да бидат присутни лидерите или експонираните членови на навивачката група (ко-лидери), кои во основа претставуваат експонирани членови на навивачките групи, односни членови кои можат „оркестрирано" да ја поведат навивачката група.

Праксата за добивање на билети за присуство на натпреварите за членовите на навивачките групи се решава различно или од случај до случај. Најмногу е присутна појавата кога членовите на навивачките групи се обезбедуваат со карти кои ги дава организаторот на настанот (тимот за кој се навива), понекогаш моделот е комбиниран, односно на дел од членовите им се обезбедуваат карти, а другите тоа го прават сами. Има случаи, кога членовите на навивачките групи, покажувајќи ја лојалноста кон клубот, целосно го посетуваат натпреварот со купени билети.

Во овој контекст, а од аспект на проблемот што се истражува, многу е важен начинот на кој навивачките групи пристигнуваат на местото на одигрувањето на натпреварот.

Неминовно ова прашање се разгледува од два аспекта. Прво, кога клубот за кој се навива е домаќин и второ, кога клубот за кој се навива е гостин. Во првиот случај, со оглед на територијалноста на егзистирањето на навивачките групи, доаѓањето на натпреварите е пешки по претходно пунктовско собирање на деловите од навивачките групи. Во вториот случај, доаѓањето на натпреварот е со превезување, притоа користејќи го градскиот или меѓуградскиот превоз. Тука, клучно е прашањето за сносењето на превозните трошоци, за што накусо може да се каже дека е исто или слично како и со обезбедувањето на билетите за присуство на натпреварот.

Во продолжение се анализираат одговорите на Лидерите на навивачките групи кои се однесуваа на прашањата кои се поврзани со предметот на истражување, а се случуваат за време на одржувањето на спортските натпревари.

На прашањето **Како го решавате прашањето на навивачките реквизити кои ги користите за време на спортските натпревари?**, еден од испитаниците одговара дека за тоа имаат сопствен буџет и дека се трудат по ова прашање да бидат независни од клубот, бидејќи сопствениците и спонзорите на клубот се менливи но тие секогаш остануваат како навивачи (исто како и клубот). Другите испитаници истакнуваат дека тоа се навивачки реквизити кои се еднаш обезбедени и потоа се користат подолг нареден период. Секако, зависно од состојбата во клубот, некои навивачки реквизити ја губат актуелноста, па затоа има потреба од создавање на нови реквизити. Тие се ефтини и не е проблем да се обезбедат средства за нивна изработка.

На прашањето: На спортските натпревари и покрај забраната се внесуваат и употребуваат алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство. Зошто доаѓа до вакви појави и како се справувате со нив?, речиси сите испитаници укажуваат дека внесувањето и употребата на наведените средства на ниво на навивачка група е генерално забрането. Сепак, истакнуваат тие, во рамките на навивачките групи секогаш ќе се најдат поединци кои тоа не го почитуваат и многу често успеваат забранетите работи да ги внесат на местото на одржувањето на спортските натпревари. Иако во рамките на навивачките групи се води постојана активност за „дисциплинирање" на ваквите членови (со нивно исклучување од трибината од каде навиваат па дури и до исклучување од навивачката група) сепак ваквите појави егзистираат во континуитет. Како други специфичности кога е во прашање овој навивачки корпус, лидерите на навивачките групи истакнуваат дека нивната употребливост расте во зависност од карактерот и значењето на спортскиот натпревар. Кога се во прашање пиротехничкото средство, се укажува на праксата лицето кое ги активира треба да биде маскирано за да не биде идентификувано од страна на полицијата и да добие кривична пријава. Тие го поддржуваат користењето на пиротехнички средства и не ги сметаме за опасност или извршен криминал.

Како причина за можностите поединци од навивачките групи да ги прават овие недозволени работи, испитаниците го наведуваат недоволно зајакнатото обезбедување.

И додаваат, дека колку е да е софистицирано обезбедувањето, секогаш постојат можности за тоа.

Инаку, има целосно совпаѓање помеѓу испитаниците дека носењето на реквизитите на спортските натпревари за навивачките групи е од исклучителна вредност и дека тоа го прават во договор со управата и полицијата,за што добиваат дозвола за внесување на одредени видови реквизити.

На прашањето кое гласи: На спортските натпревари се внесуваат и истакнуваат транспаренти, знамиња, текст, слики, се пеат песни со пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност. Зошто тоа ни се случува и кој е патот за елиминација на ваквите негативни појави?, може да се рече дека одговорите се различни и тешко споредливи. Во основа, испитаниците поради чувствителноста на прашањето избегнуваат да дадат содржаен одговор. Некои тоа го објаснуваат со вообичаен декор на трибините, други дека тоа е „плод на односот на двете засегнати страни во конфликтот". Испитаниците се согласуваат само во едно, односно дека тие „имаат изградено однос спрема други групи поради нивниот однос кон нас". Овие колективни мислења тешко се менуваат бидејќи секој се држи на своето. Самото ривалство е ривалство на две ега кои немаат желба ни потреба да попуштат пред другиот. Жестината на ривалствата не зависи од националната или верската припадност. Елиминација на таквите појави е тешко но може да се случи во одредени моменти при воен конфликт, природна катастрофа и сл. Има издвоено мислење кај еден испитаник, според кого сето тоа се случува поради тоа што на трибините има малограѓани кои тоа го прават од задоволство а на другата страна, исто така, има малограѓани кои го поттикнуваат тоа, а ние го враќаме".

На прашањето: На спортските натпревари доаѓа дури до палењето на противничките навивачки реквизити (знамиња, транспаренти, дресови), знамиња на други држави и сл. На што се должат овие појави кои немаат ништо заедничко со спортот?, одговорите се сведуваат на следното. Иако испитаниците се согласни со тоа дека наведените активности „немаат заедничко со спортот но затоа пак имаат заедничко со престижот на навивачката група. Доколку некоја група ни одземе транспарент ние сме должи да им вратиме пред се поради честа на нашата група, а потоа е прашање што ќе правиме со нив". Друг испитаник истакнува дека тоа е „прашање на доминација. Едната група сака да се истакне дека со одземање на обележја на другата група остварила некоја победа". Има и одговор кој е екстремно радикален: „во денешно време, поточно во 21-от век нема спорт, туку препукување на

навивачите, со тоа што ќе ги понижуваат другите држави, верска припадност и националност".

На прашањето кое гласи: Се случува поединци или членови на навивачки групи недозволено да влегуваат дури и во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи. Каква е таа храброст и што очекуваат ваквите членови на навивачките групи?, испитаниците и имаат усогласен одговор. Тој се сведува на оценката дека тука се работи за „докажување на одредени индивидуалци или пак за освета на одредени индивидуалци поради некои претходни инциденти". Ние, истакнуваат испитаниците, „како група сме имале периоди кога не сме поддржувале насилство од тие размери. Но со менување на лидерите на групите се менуваат одредени етики и правила. Причините за тие насилства доаѓаат и од активности надвор од спортските објекти". Со ваквите настани, исто така, според издвоено мислење се решава победа (се мисли на навивачка победа, а не онаа на теренот). „Победата", ако има договор помеѓу навивачките групи може да се реши на стадионот, но постои пракса тоа да се решиме и надвор од него. И се додава: „имало случаеви кога противниците тргнувале кон нас, што би направиле вие, би се бранеле или би ги оставиле".

На последното прашање кое гласи:Според Вас кој е моделот за избегнување на појавите на насилство на спортските натпревари. Можете ли да ги иднетификувате некои од причините и носителите на ваквите појави, односно каде да се бара решението (образование, политика, социјализација, безбедност и сл.), одговорите се сведуваат на следното.

Постои согласност дека било кој спорт има за цел да прокламира победник и губитник, што во основа е причината за појава на насилството на спортските натпревари. Секое натпреварување во кое треба да има победник и губитник иницира емоции на сите кои се засегнати во тоа натпреварување и надвор од него. Спортот е мини-војна без жртви.

Спортот е некое видоизменето гладијаторско натпреварување во кое нема директни жртви а сепак публиката е задоволна од појавата на судир помеѓу две или повеќе страни. Судир, победа, докажување, јакнеење на егото и сл., е одлика на скоро секој спорт денеска. За да се избегне појавување на овие работи треба секој што сака да спортува да се бави со индивидуален спорт во кој нема да се натпреварува против никого, туку исклучиво сам со себе, како физички така и психички.

На ова прашање има и следно видување. Нашиот клуб е нашата религија, се разбира доколку имате совршен систем внатре во државата ќе има и помалку проблеми, но не можете да настапувате со репресија врз навивачите бидејќи само ќе ја влошите состојбата. Во нашата група има дечки од сите слоеви на општеството и затоа ние сме една голема фамилија со иста религија.

Треба да се внимава внатре во групата да функционира кодексот да нема индивидуалци кои сакаат да бидат над него или над водачот на групата. Најбитно е да нема политика, бидејќи тоа секогаш завршува лошо (во најмала рака со поделба на групата). Во превод, водачите на групата треба да имаат целосен респект од останатите за да можат да смират било која ситуација. Треба да се знае кој диригира со трибината, водачот и секако екипата во првите редови!

Во основа сите испитаници се согласни дека на оваа тема треба да се разговара, со цел во образованието да се едуцираат и социјализираат учениците, а безбедноста да се подигне на повисоко ниво. Мешањето на политиката од спортските настани треба да се исклучи, бидејќи тоа само ги радикализира негативните случувања на спортските натпревари.

На крајот од интервјуто интересно е да се презентира следниот став: дека „нашата цел како група е да го победиме противникот со песна и кореографија но понекогаш има ситуации каде што насилството само се наметнува. Доволно е еден обичен симпатизер на клубот да се инфилтрира на нашата трибина и да почне да прави проблеми. Тогаш полицијата веднаш агресивно ќе нападне и кој треба и кој не треба и се создава непотребен хаос.

Ова е само еден пример а ги има многу вакви. Ние го почитуваме законот меѓутоа, исто така, закон не може да се донесе без консултација на навивачките групи. Истотака законот не може да важи за едни, а за други да не важи. Мислам дека е редно време сите заедно да седнеме на маса и да ги расчистиме овие недоследности".

### 5.3. Тестирање на Главна хипотеза

**Главната хипотеза гласи: Однесувањето на младите на спортските натпревари зависи од остварувањето на улогата на менаџментот, а манифестирано преку перцепцијата за нивната љубов кон спортот, присуството на спортските натпревари и поведението на истите, следено преку ставовите на испитаниците за определени прашања во врска со предизвикување на инциденти и нивната оправданост.**

Резултати од директното тестирање на главната хипотеза во врска со прашањето „Дали го сакате спортот" ни ја прикажува вкупната распределба на одговорите што е прикажано во Графикон број 10.

**Приказ**

на распределба на одговорите на прашањето „Дали го сакате спортот воопшто"?

Вкупен приказ на добиените одговори

Графикон бр. 10




Вкупната распределба на одговорите на прашањето: **„Дали го сакате спортот воопшто"?** укажува на тоа дека 56,6% од испитаниците, ученици во средно и во основно образование многу го сакаат спортот, односно 36,6% го сакаат спортот. Добиените резултати не изненадуваат и се очекувани, бидејќи се смета дека е нормално младите да го сакаат спортот. Оттука, Главната хипотеза во однос на оваа прашање се потврди, односно дека љубовта кон спортот влијае врз фреквенцијата на нивното присуство на спортските натпревари и со тоа и врз однесувањето на младите на истите. Согласно добиените одговори, може да се заклучи дека во некое следно истражување на оваа тема, најцелисходно ќе биде доколку се насочи кон директното истражување на влијанието на психолошкиот момент врз однесувањето на групите на млади на спортските натпревари. Поконкретно кажано, влијанието на психолошкиот момент на насилното или ненасилно однесување.

За тестирање на Главната хипотеза преку изразената љубов кон спортот, како варијабла е земена половата припадност на испитаниците.

Одговорите на прашањето „Дали го сакате спортот воопшто?“ според половата припадност на испитаниците, може да се види во графиконот број 11.

**Приказ**

на одговорите на прашањето „Дали го сакате спортот?“, според половата припадност на испитаниците

Графикон бр. 11




| | Многу го сакам | Го сакам | Го сакам делумно | Воопшто не го сакам | Не е одговорено |
|---|---|---|---|---|---|
| Жени | 54% | 33,30% | 9,50% | 1,60% | 1,60% |
| Мажи | 59,30% | 38,30% | 2,50% | 0% | 0% |

Во однос на варијаблата за полова припадност на испитаниците можеме да утврдиме дека одговорите се очекувани и дека младите го сакаат спортот, со исто така очекувано отстапување во односот машки-женски. Високи 54% од жените и 59,3% од машките многу го сакаат спортот, како и 33,3% од женските и 38,3% од машките испитаници го сакаат спортот, што дава одговор на прашањето зошто е големо присуство на младите на спортските натпревари. Останатите 2,5% кај машките и 12,7% кај жените не се очекува да бидат активни во присуството на спортските натпревари.

Од напред наведеното, може да се заклучи дека присуството на младите на спортските натпревари е големо, што се должи на нивната искажана љубов кон спортот зависно на нивната полова припадност.

Поради укажаната потреба за анализа на одговорите за однесувањето на младите на спортските натпревари и појавите во однос на агресивното однесување на истите, љубовта на испитаниците кон спортот се анализира и преку варијаблата за етничката припадност на испитаниците. Распределбата на одговорите може да се види во Графиконот бр. 12.

**Приказ**

На распределба на одговорите на прашањето „Дали го сакате спортот воопшто?“, според етничката припадност на испитаниците

Графикон бр. 12




| | Многу го сакам | Го сакам | Го сакам делумно | Воопшто не го сакам | Не е одговорено |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 51% | 41,60% | 7,80% | 0,00% | 0,00% |
| Албанци | 60,90% | 32,80% | 3,10% | 2% | 2% |
| Други | 100% | 0 | 0 | 0 | 0 |

Во однос на искажаната љубов кон спортот, а според варијаблата за етничка припадност на испитаниците постојат неколку видливи дивергенции. Имено, генерално земено младите без разлика на етничката припадност многу го сакаат спортот или го сакаат. Видливите отстапувања на одговорите се согледани во неодлучноста каде што Македонците „делумно го сакаат спортот“ со 7,8% од испитаниците, а Албанците со 3,1%, и во однос на несакањето на спортот и неодговарањето на прашањето при што Македонците се на ниво 0%, а Албанците и во двата случаи на ниво на 2%. Припадниците на другите етнички заедници се на ниво на 100% дека многу го сакаат спортот.

За истражувањето во овој магистерски труд е значајно да се има предвид податокот кој се однесува на нивото на сакањето на спортот во зависност на етничката припадност на испитаниците. Реална е претпоставката дека етничката припадност има влијание врз однесувањето на младите на спортските натпревари, што во многу ќе помогне во идентификацијата и карактерот на употребените мерки на образовниот менаџмент во однос на превенција на насилството помеѓу младите на спортските натпревари.

Очекувано беше дека младите нема да покажат поголема дивергенција во однос на љубовта кон спортот, а со самото тоа и очекуваното нивно засилено присуство на спортските натпревари. Засиленото присуство на спортските натпревари пак ја истакнува улогата на образовниот менаџмент во текот на целото образование, од аспект на промоција на ненасилството и толерантното однесување на младите.

За тестирање на Главната хипотеза се смета дека е неопходно да се анализираат одговорите на прашањето број 11 од анкетниот прашалник за учениците од основните и средните училишта.

Прашањето број 11 од анкетниот прашалник гласи: **Кои се причините за започнувањето на насилното однесување на спортските натпревари?**

Понудени се следните одговори: 1.вербални навреди, 2.фрлање на предмети кон спротивната навивачка група, 3.палење на знамиња и други навивачки обележја, 4.намерна повреда на играч, 5.судиска одлука.

Распределбата на добиените одговори може да ја видиме на Графиконот број 13.

**Приказ**

На распределбата на одговорите на ставот на испитаниците за причините за започнувањето на насилното однесување на спортските натпревари

Според етничката припадност на испитаниците

Графикон бр. 13




| | Вербални навреди | Фрлање на предмети кон спротивната навивачка група | Палење на знамиња и други навивачки обележја | Намерна повреда на играч | Судиска одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | 52,30% | 31,20% | 12% | 3% | 1,50% |
| Албанци | 54,10% | 30,40% | 10% | 3,50% | 2% |
| Останати | 60% | 11% | 20% | 4% | 5% |

Според распределбата на добиените одговори најголемиот процент од испитаници смета дека причините за започнување на насилствата на спортските натпревари се во упатените вербални навреди од една кон друга навивачка група.

Имено според етничката припадност на испитаниците одговорите не отстапуваат карактеристично во однос на реакцијата на упатените вербални навреди. Кај Македонците 52, 3% сметаат дека вербалните навреди се причина за започнување на насилствата, додека кај Албанците овој процент изнесува 54,1%, а кај останатите 60%.

Втора причина според значајност за започнувањето на насилното однесување е фрлањето на предмети кон спротивната навивачка група и тоа кај Македонците на ниво од 31,2%, кај Албанците 30,4% и значајно отстапува кај останатите со 11%.

Како следна трета причина за отпочнувањето на насилното однесување, иако не така нагласено е палењето на знамиња и други навивачки обележја на противничката страна (со 12%, 10% и 20%).

Внимание привлекува фактот, дека, намерната повреда на играч или судиска одлука, испитаниците не ги сметаат како причина за започнување на насилство на натпреварите.

Добиените одговори не наведуваат на заклучок дека кај младите постои низок праг на толеранција во однос на вербалните навреди од страна на поединци или групи од спротивните навивачки групи. Ова не насочува кон тоа дека менаџментот ќе мора својата активност да ја насочи кон проучувањето на конфликтното однесување на младите, и пред се, во насока на едукација за подигање на прагот на толеранција и ненасилство.

Секако дека вербалните навреди се начин и мотивирачки фактор на предизвикување на инциденти и насилство на спортските натпревари, меѓутоа, оправдување за ваквото однесување не постои.

**Во однос на оваа прашање неможе ниту да се потврди, ниту пак да се отфрли Главната хипотеза, односно не постои значајна разлика во ставовите на испитаниците за причините за насилно однесување на спортските натпревари што е зависно од нивната етничка припадност. Едноставно може да се добие индикатор (вербалните навреди), кој ќе укаже на причините за започнување на насилното однесување на младите на спортските натпревари.**

Токму овие добиени индикатори од одговорите на последното прашање според кое се анализираше Главната хипотеза даваат насока за идното делување на менаџментот во однос на младите и нивното однесување на спортските натпревари.

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Во трудот се истражува влијанието на менаџментот врз девијантните појави на спортските натпревари кај публиката, и колку тој може успешно да влијае врз нивно намалување или целосно избегнување. На однесувањето на навивачите на спортските натпревари влијание имаат повеќе фактори. Во тие фактори спаѓаат: семејството, местото на живеење, воспитно-образовниот систем (од основно, средно и високо образование), социјалниот живот, активностите на полицијата во конкретни ситуации, невладините организации, членувањето во политички партии, здруженија на граѓани, медиумите, религиските организации и др. Во конкретниот случај, **предмет на истражувањето беше влијанието на менаџментот врз насилното однесување на младите луѓе на спортските натпревари.** Логично, заради каузалноста на појавата, неопходно внимание беше посветено и на другите фактори кои влијаат на ваквото однесување.

2. Современото сфаќање вели дека не е спорт сето она што сакаме да го работиме во слободното време. За спортската активност примарна улога, макар и во најмала мера, игра телесното движење со сите придружни дејствија, како што се умешност, подвижност, прецизност, рамнотежа, дејствување со сетила и врз сетила, брзина, издржливост, сила итн. Во тој поглед **спортот како појдовен облик има извонредно значење во физичката култура**. Спортот, како и другите општествените процеси, покрај позитивните неизбежно генерира и бројни противречности, конфликти, општествено негативни појави и други облици на девијации на поединци и групи. Тие се јавуваат како закономерен продукт на општественото економскиот, политичкиот, културниот и друг развој. Меѓу другите такви општествени феномени и девијации спаѓа и **спортскиот хулиганизам како збир од насилнички и агресивни девијантни однесувања на поединци и групи**.

3. Спортските манифестации со своите правила треба да придонесуваат за културно однесување на присутните, што пак ќе ги намалува сите овие видови агресивно однесување. Се смета дека спортските натпревари можат да послужат како места за празнење, а со тоа и за намалување на агресивноста. Меѓутоа, се покажува дека денеска спортот не ја игра својата улога како средство за сублимирање и канализирање на натрупаната агресивност, туку напротив, **во најново време**

**станува поле каде што агресиите и насилствата особено се манифестирани**. Таквата состојба донекаде може да се објасни како последица на натпреварувачкиот карактер на спортските настани, а многу поверојатно е како последица на сеопштата комерцијализација, во која најпосакувани цели се парите и славата. Токму заради тоа **се зголемено агресивното однесување на учесниците на спортските натпревари.**

4. Нормативната уреденост на секоја општествена област е од исклучително значење за остварување на истата таа област. Оттука, уреденоста на образованието воопшто, а во тие рамки и уреденоста на областа спорт посебно, има исклучително значење за нивното остварување.

   Анализата на нормативната уреденост покажува дека спортот како општествена активност, во законите со кои се регулира **основното** и **средното** образование во Република Македонија воопшто не се уредуваат (не се ниту спомнати). Од аспект на ова разгледување овој факт заслужува посебно внимание, бидејќи спортот како активност најмногу го практикуваат младите луѓе од овие образовни институции, исто како што тие млади луѓе се најчести носители на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

   Законите со кои го регулираат **спортот** и **насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, темелно ги третираат прашањата за надминување на појавите на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари**. Видливи се напорите на законодавецот за детално и проширено регулирање на прашањата со цел да се намалат можностите за случување на непосакуваните случувања. Исто така, видлива е се построгата казнена политика против носителите и учесниците на насилството и недостојното однесување на спортските натпревар.

5. Младите, гледано воопшто во поголем дел ги посетуваат спортски натпревари. Ваквата состојба дава можност образованието своето едукативно влијание да го насочи кон оваа група на млади (млади кои редовно одат на спортските натпревари). Со самото тоа, **менаџмент има огромна можност да делува врз најризичната група на млади**, која инаку доколку се препушти, може да биде под континуирано влијание на групната психологија од случувањата на спортските натпревари и на нив да се влијае да се однесуваат насилно.

6. Образовниот систем на Република Македонија, а во неговите рамки **менаџментот, имајќи ја предвид структурата на младите кои повеќе посетуваат натпревари, има потреба повеќе да се сконцентрира подеднакво во средното и основното образование**, се со цел да се постигне превентивно влијание врз однесувањето на младите.

7. Родителите и роднините немаат можност за пошироко општествено влијание врз однесувањето на младите на спортските натпревари. Токму спротивно, огромно е влијанието на неформалните групи и генерациското дружење врз однесувањето на младите на спортските натпревари. Оттука, **менаџментот ќе ја оствари својата улога само доколку директно влијае врз однесувањето на младите на спортските натпревари, имајќи го предвид токму фактот дека на тоа клучно влијание имаат неформалните групи** надвор од семејството.

8. Менаџментот има големо значење во зголемувањето на спортскиот дух и практично однесување на младите на спортските натпревари, во насока на **поттикнување на реалната состојба за победа на подобриот тим, а не на тим за кој се навива**. Со тоа се релативизира општата состојба и се влијае врз намалување на насилното однесување на младите на спортските натпревари. Чувството за неопходност од победа на сопствениот спортски тим по секоја цена претставува предуслов за непријателско перцепирање на навивачите од другиот тим што објективно создава конфликтно однесување и предизвикува насилство на спортските натпревари. Напорите на овој план во основа треба да доведат до состојба кога перцепциите кај младите и прифаќањето на спортот воопшто и на спортските натпревари посебно, ќе доведе до развивање на спортскиот дух кај младите, а победата нека му припадне на подобриот.

9. Менаџментот треба да се насочи кон **поттикнување на толерантноста на младите кон навивачките групи на противничкиот тим** преку почитување на нивните реквизити и преку избегнување на употреба на реквизити со навредлива содржина за нив. Во овој контекст е потребно интензивно да се делува во насока на промена на перцепцијата на младите во однос на оправдувањето на фрлањето на предмети во натпреварувачкиот простор и гледалиштето.

10. Секое наредно истражување на оваа тема, најцелисходно ќе биде доколку се насочи кон директното истражување на влијанието на психолошкиот момент врз однесувањето на групите на млади на спортските натпревари. Поконкретно кажано, **истражување на психолошкиот момент кој влијае на насилното или ненасилно однесување на младите воопшто и на спортските натпревари посебно**.

11. Присуството на младите на спортските натпревари е големо, што се должи на нивната искажана љубов кон спортот зависно на нивната полова припадност. Сакањето на спортот е во зависност на етничката припадност. **Етничката припадност влијае врз однесувањето на младите на спортските натпревари, што во многу ќе помогне во идентификација на можностите карактерот на употребените мерки на менаџментот** во однос на превенција на насилството помеѓу младите на спортските натпревари.

12. Менаџментот во текот на вкупното образование обврзно треба да посвети внимание на промоција на ненасилството и толерантното однесување на младите. **Афирамцијата на ненасилството и подигнувањето на прагот на толеранцијата треба да бидат водечки императиви за менаџментот**.

13. Успешно спротивставување на спортскиот хулиганизам **претпоставува општествената реакција да биде насочена кон развивање на општествени активности**. Секоја држава што се соочува со спортскиот хулиганизам на различен начин реагира и ја темели борбата против овој феномен. Искуствата од најзагрозените земји со спортски хулиганизам се поучни, треба да се респектираат и да се користат како искуство.

14. Основна карактеристика на борба против спортскиот хулиганизам треба да преставува востанувањето и функционирањето **општествена превенција**. Таа треба да биде плански водена и програмски ориентирана, со зацртани јасни цели, задачи и мерки што треба, според посебни програми, да ги превземаат општествените субјекти што се најповикани да се борат против оваа негативна појава. Таквиот пристап е потребен од проста причина што хулиганизмот преставува сложена појава, мултифакторски детерминирана и феноменолошки

разновидна. Со неа announced неможат да излезат на крај одделно ниту спортските организации, ниту полициските и другите државни органи, организации, средства за јавно информирање, спортски и други асоцијации.

15. Добро поставената и научно заснована општествена превенција на спортскиот хулиганизам, значи **постоење на единствена стратегија за борба против овој феномен**. Постигнувањето на стратегиските цели на општествената превенција претпоставува добро познавање не неговите етиолошки и феноменолошки карактеристики.

16. Сигурниот социјален статус, подигнувањето на образованието воспитното и културното ниво на населението, како и творечкото осмислување на слободното време, особено на младата генерација, имаат пресудно значење во градењето заштитен бедем за незапаѓање во водите на хулиганизмот. За успешно спроведување на општествената превенција на спортскиот хулиганизам од **огромно значење е улогата на училиштата и другите образовно воспитни установи,** на семејствата, на спортските клубови, органи и организации; на полицијата и на други државни органи на одделни асоцијации итн.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Ангелески, М., (1999/2000), *Карактеристики на насилничките и агресивните однесувања на спортски натпревари и правци на општествената реакција*, Годишник на Факултетот за безбедност бр.1, Скопје.

Ангелоска-Галевска, Н., (2009), *Планирање на научно истражување*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Скопје.

Анастасовски, А., (1994), *Теорија и методика на физичкото воспитание и спортот,*. Народна и универзитетска библиотека „Климент Охридски", Скопје.

Анастасовски, А., Анастасовски, И., (2001), *Насилство, спорт и култура*, Учебник, Универзитетска печатница, Скопје.

Анастасовски, И., (2010), *Социолошките аспекти на насилно и агресивно однесување на спортските манифестации во Република Македонија*, докторски труд.

Анастасовски, И., Стојаноска, Т., (2010), *Насилство, агресија и спорт*, Флексограф, Куманово.

Анастасовски, И., (2010), *Социолошки аспекти на агресивното однесување на спортските натпревари*, докторски труд.

Анастасовски, И., (2003), *Спортски начин на живеење*, Прирачник, Графос, Куманово.

Анастасовски, И., Нанев, Л., Климпер, И., (2001), *Превенција и репресија на насилството на фудбалските стадиони: закони, правилници, регулативи и акти на ФФМ, ФИФА, УЕФА и ЕУ*, Учебник, Флексограф, Куманово.

Василевски,В., (1993). *Откривање, разјаснување, докажување и спречување на хулиганството*, Зборник на материјали од одржана трибина, Матична универзитетска библиотека „Климент Охридски", Битола.

Гоцевски, Т., (2010), *Образовен менаџмент*, Филозофски факултет, Македонска ризница, Куманово.

Гоцевски, Т., (2008) *Економика на образованието*, Куманово: Македонска ризница.

Керамитчиев, Д., (2006), *Психологија на врвниот спорт*, „Македонска Искра", Скопје.

Милиќ, В., (1978), *Социолошки метод*, Нолит, Београд.

Мурџева-Шкариќ, О., (2007), *Ненасилна трансформација на конфликти*, Филозовски факултет, Скопје.

Muzik, V., (1968), *Metodologija pedagoskih istrazivanja*, Zavod za izdavanje uzbenika, Sarajevo.

Сулејманов, З., Стојаноски, Н., (2002), *Социјална патологија*, Југореклам, Скопје.

**Нормативни акти**

Устав на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр.

Закон за основно образование (Сл. весник на РМ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010, 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012 и 24/2013),

Закон за средно образование (Сл. весник на РМ бр. бр. 44/1995; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 67/2004; 55/2005; 113/2005; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012 и 24/2013).

Закон за високо образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08; 103/08; 26/09; 99/09; 115/10; 17/11;51/11; 123/12; 15/13; 24/13).

Закон за спорт (Сл. весник на РМ бр. 29/02; 66/04; 81/08; 51/11).

**http://www. адреси:**

http://www.savremenisport.com/osnove-nasilje-u-sportu-kao-zlo-jednog-drustva.html

http://www.savremenisport.com/Osnove-Metode-za-prevazilazenje-nasilnog-ponasanja-u-sportu.html

http://www.savremenisport.com/Osnove-Sport-kao-osnova-za-smanjenje-nasilja-i-agresije-u-drustvu.html

http://studenti.rs/skripte/sport/nasilstvo-vo-sport/

# П Р И Л О З И

**Универзитет Св. „Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет - Скопје**

**Последипломски студии по менаџмент на образованието**

**ПОО**

# П Р А Ш А Л Н И К

**За спроведување на анкета со учениците од основното образование**

**Општина:** ______________________________________________

**Основно училиште:** ______________________________________

**Одделение:** ____________________________________________

**Пол (заокружи):** **женски** **машки**

**Етничка припадност:** _____________________________________

**Напомени:**

- Пополнувањето на Прашалникот е **исклучиво во функција на истражувањето** на темата за магистерски труд под наслов: „Улогата на образовниот менаџмент во спречувањето на девијантните појави на младите на спортските натпревари“,
- Пожелно е Прашалникот да го пополнат ученици кои го сакаат спортот и посетуваат спортски натпревари,
- Анкетата е анонимна и учеството во неа е исклучиво на доброволна основа,
- На прашањата се одговара со заокружување на бројката пред понудените одговори. На некои прашања, според Ваша оценка, можете да одговорите и со заокружување на максимално до два одговори.

**Благодариме на соработката**

**Скопје, април, 2014 година**

**1. Дали го сакате спортот воопшто?**

1. Многу го сакам
2. Го сакам
3. Го сакам делумно
4. Не го сакам
5. Воопшто не го сакам

**2. Дали посетувате спортски натпревари?**

1. Редовно посетувам
2. Повремено посетувам
3. Многу малку посетувам
4. Воопшто не посетувам

**3. На спортските натпревари одите:**

1. Сами
2. Со другари/другарки
3. Со родители
4. Со роднини
5. Организирано, со навивачка група

**4. За посета на натпревари карти/билети обезбедувате?**

1. Сам/а си купувам
2. Ми купуваат родителите/роднините
3. Најчесто ги добивам како гратис
4. Ги обзбедува навивачката група
5. Не ми треба карта, влегувам без карта

**5. При посета на спортските натпревари каде седите?**

1. Таму за каде ми е купена картата
2. Сеедно ми каде седам
3. Важно ми е да седам со мојата навивачка група
4. Доколку има слободни места, седнувам таму од каде се гледа најдобро

**6. При посета на спортскиот натпревар, важно Ви е:**

1. Да победи тимот за кој навивате
2. Нека победи подобриот тим
3. Седно ми кој ќе победи, на натпревар одам да се забавувам

**7. На спортските натпревари е забрането да се внесува, продава и пие алкохол**

1. Сметате дека е тоа добро решение
2. Седно ми е, јас воопшто не пијам алкохол
3. Ваквата забрана не е битна, бидејќи во доволна количина пиеме пред да дојдеме на натпревар
4. Треба да се укине ваквата забрана

**8. На спортските натпревари и покрај забраната се внесуваат и употребуваат алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство. Зошто доаѓа до вакви појави?**

1. Обезбедувањето на натпреварите недоволно квалитетно ја врши работата
2. Има разработено канали за внесување на ваквите средства
3. За се има претходен договор

**9. Какво е Вашето мислење за внесувањето и истакнувањето на транспаренти, знамиња, текст, слики, пеење песни со пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност?**

1. Целосно ги осудувам ваквите постапки
2. Штом тоа го прави едната страна и другата страна има право да го прави истото
3. Ова е спортски натпревар и не треба да има ограничувања

**10. Какво е Вашето мислење за фрлањето на предмети во натпреварувачкиот простор или во гледалиштето, со што може да се загрози животот, физичкиот интегритет на лицата или имотот?**

1. Целосно ги осудувам ваквите постапки
2. Штом тоа го прави едната страна и другата страна има право да го прави истото

3. На спортските натпревари гледачите воопшто не треба да имаат со себе вакви средства

**11. Кои се причините за започнувањето на насилното однесување на спортските натпревари?**

1. Вербални навреди, намерна,
2. Фрлање на предмети кон спротивната навивачка група,
3. Палење на знамиња и други навивачки обележја,
4. Повреда на играч,
5. Судиска одлука

**12. Какво е Вашето мислење за палењето на противничките навивачки реквизити (знамиња, транспаренти, дресови), знамиња на други држави и сл.?**

1. Целосно ги осудувам ваквите постапки
2. Штом тоа го прави едната страна и другата страна има право да го прави истото

**13. Какво е Вашето мислење за недозволеното влегување во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи?**

1. Целосно ги осудувам ваквите постапки
2. Обезбедувањето треба да ја елиминира ваквата можност
3. Успешното раздвојување на навивачките групи во спортскиот објект не значи ништо, доколку пресметката помеѓу нив се случи надвор од спортскиот објект

**Уште еднаш Ви благодариме на соработката**

**Универзитет Св. „Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет - Скопје**

**Последипломски студии по менаџмент на образованието**

**ПСО**

# П Р А Ш А Л Н И К

**За спроведување на анкета со учениците од средното образование**

**Општина:** ______________________________________________

**Средно училиште:** ______________________________________

**Вид на средното училиште:** _______________________________

**Година на учење:** _______________________________________

**Пол (заокружи):** женски машки

**Етничка припадност:** ____________________________________

**Напомени:**

- Пополнувањето на Прашалникот е **исклучиво во функција на истражувањето** на темата за магистерски труд под наслов: „Улогата на образовниот менаџмент во спречувањето на девијантните појави на младите на спортските натпревари“,
- Пожелно е Прашалникот да го пополнат ученици кои го сакаат спортот и посетуваат спортски натпревари,
- Анкетата е анонимна и учеството во неа е исклучиво на доброволна основа,
- На прашањата се одговара со заокружување на бројката пред понудените одговори. На некои прашања, според Ваша оценка, можете да одоговорите и со заокружување на максимално до два одговори.

**Благодариме на соработката**

**Скопје, април, 2014 година**

1. **Дали го сакате спортот воопшто?**
    1. Многу го сакам
    2. Го сакам
    3. Го сакам делумно
    4. Не го сакам
    5. Воопшто не го сакам

2. **Дали посетувате спортски натпревари?**
    1. Редовно посетувам
    2. Повремено посетувам
    3. Многу малку посетувам
    4. Воопшто не посетувам

3. **На спортските натпревари одите:**
    1. Сами
    2. Со другари/другарки
    3. Со родители
    4. Со роднини
    5. Организирано, со навивачка група

4. **За посета на натпревари карти/билети обезбедувате?**
    1. Сам/а си купувам
    2. Ми купуваат родителите/роднините
    3. Најчесто ги добивам како гратис
    4. Ги обезбедува навивачката група
    5. Не ми треба карта, влегувам без карта

5. **При посета на спортските натпревари каде седите?**
    1. Таму за каде ми е купена картата
    2. Сеедно ми каде седам
    3. Важно ми е да седам со мојата навивачка група
    4. Доколку има слободни места, седнувам таму од каде се гледа најдобро

**6. При посета на спортскиот натпревар, важно Ви е:**

1. Да победи тимот за кој навивате
2. Нека победи подобриот тим
3. Сеедно ми кој ќе победи, на натпревар одам да се забавувам

**7. На спортските натпревари е забрането да се внесува, продава и пие алкохол**

1. Сметате дека е тоа добро решение
2. Сеедно ми е, јас воопшто не пијам алкохол
3. Ваквата забрана не е битна, бидејќи во доволна количина пиеме пред да дојдеме на натпревар
4. Треба да се укине ваквата забрана

**8. На спортските натпревари и покрај забраната се внесуваат и употребаат алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство. Зошто доаѓа до вакви појави?**

1. Обезбедувањето на натпреварите недоволно квалитетно ја врши работата
2. Има разработено канали за внесување на ваквите средства
3. За се има претходен договор

**9. Какво е Вашето мислење за внесувањето и истакнувањето на транспаренти, знамиња, текст, слики, пеење песни со пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност?**

1. Целосно ги осудувам ваквите постапки
2. Штом тоа го прави едната страна и другата страна има право да го прави истото
3. Ова е спортски натпревар и не треба да има ограничувања

**10. Какво е Вашето мислење за фрлањето на предмети во натпреварувачкиот простор или во гледалиштето, со што може да се загрози животот, физичкиот интегритет на лицата или имотот?**

1. Целосно ги осудувам ваквите постапки
2. Штом тоа го прави едната страна и другата страна има право да го прави истото

3. На спортските натпревари гледачите воопшто не треба да имаат со себе вакви средства

**11. Кои се причините за започнувањето на насилното однесување на спортските натпревари?**

6. Вербални навреди, намерна,
7. Фрлање на предмети кон спротивната навивачка група,
8. Палење на знамиња и други навивачки обележја,
9. Повреда на играч,
10. Судиска одлука

**12. Какво е Вашето мислење за палењето на противничките навивачки реквизити (знамиња, транспаренти, дресови), знамиња на други држави и сл.?**

1. Целосно ги осудувам ваквите постапки
2. Штом тоа го прави едната страна и другата страна има право да го прави истото

**13. Какво е Вашето мислење за недозволеното влегување во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи?**

1. Целосно ги осудувам ваквите постапки
2. Обезбедувањето треба да ја елиминира ваквата можност
3. Успешното раздвојување на навивачките групи во спортскиот објект не значи ништо, доколку пресметката помеѓу нив се случи надвор од спортскиот објект

**Уште еднаш Ви благодариме на соработката**

**Универзитет Св. „Кирил и Методиј“**

**Филозофски факултет - Скопје**

**Последипломски студии по менаџмент на образованието**

**ПЛНГ**

# П Р А Ш А Л Н И К

**за спроведување на анкета со лидери на навивачки групи**

**Лидер на навивачката група:** ________________________________

**Навивачка група на спортскиот клуб:** ________________________

**Вид на спорт:** _________________________________________

**Напомени:**

- ⇨ Спроведувањето на анкетата е **исклучиво во функција на истражувањето** на темата за магистерски труд под наслов: „Улогата на образовниот менаџмент во спречувањето на девијантните појави на младите на спортските натпревари“,
- ⇨ Анкетата по барање на лицето што се анкетира **може да биде анонимна**, а учеството во неа е исклучиво на доброволна основа,
- ⇨ Анкетата е усмена и ја спроведува исклучиво истражувачот, притоа бележејќи ги добиените одговори,
- ⇨ Прашањата за анкетата можат да бидат дадени претходно или пред спроведувањето на самата анкета

**Благодариме на соработката**

**Скопје, април, 2014 година**

## I. ОПШТИ / ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРАШАЊА

*1. Колку долго сте лидер на Вашата навивачка група?*

*2. Колку членови брои Вашата навивачка група?*

*3. Во кои спортови пројавувате најголема активност?*

*4. Дали Вашата навивачка група има кодекс/правила на однесување за време на спортските натпревари?*

*5. Дали со навивачката група одржувате состаноци пред одржувањето на спортските натпревари?*

*6. Дали водите евиденција на присутните членови на спортските натпревари?*

*7. На кој начин ги обезбедувате картите/билетите за членовите на Вашата навивачка група?*

*8.Како го решавате превезувањето на Вашата навивачка група до местото на одржувањето на спортскиот натпревар и назад?*

## II. ПРАШАЊА ЗА НАВИВАЊЕТО ЗА ВРЕМЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

*1. Како го решавате прашањето на навивачките реквизити кои ги користите за време на спортските натпревари?*

*2. На спортските натпревари и покрај забраната се внесуваат и употребуваат алкохолни пијалаци, опојни дроги, пиротехнички средства и други средства погодни за нанесување повреди или за предизвикување на насилство. Зошто доаѓа до вакви појави и како се справувате со нив?*

*3. На спортските натпревари се внесуваат и истакнуваат транспаренти, знамиња, текст, слики, се пеат песни со пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност. Зошто тоа ни се случува и кој е патот за елиминација на ваквите негативни појави?*

*4. На спортските натпревари доаѓа дури до палењето на противничките навивачки реквизити (знамиња, транспаренти, дресови), знамиња на други држави и сл. На што се должат овие појави кои немаат ништо заедничко со спортот?*

*5. Се случува поединци или членови на навивачки групи недозволено да влегуваат дури и во делот на гледалиштето на објектот за спорт кој е наменет за противничките навивачи. Каква е таа храброст и што очекуваат ваквите членови на навивачките групи?*

*6. Според Вас кој е моделот за избегнување на појавите на насилство на спортските натпревари. Можете ли да ги иднетификувате некои од причините и носителите на ваквите појави, односно каде да се бара решението (образование, политика, социјализација, безбедност и сл.).*

*7. После се што е разговарано, имате ли нешто да додадете а за што јас не Ве прашав?*

***Уште еднаш Ви благодариме на соработката***